## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**Од Првото продолжение на Сто дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 март 2006 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,02 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по Сто дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашо Дохчев, Ванчо Ѓоргиев, Рафет Муминовиќ, Славица Станковска, Али Ахмети, Фазли Велиу, Теута Арифи, Хусеинџеват Хусеини, Мендух Тачи, Љубчо Георгиевски, Абдулади Вејсели и Гзим Острени ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 10 - Предлог на закон за Бирото за развој на образованието**

Предлогот на закон, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени. Согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. Комисијата за образование и наука и спорт поднесе амандман на член 8 став 1 за додавање нова алинеа по алинеа 6 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот Предлогот на законот.

Законодавно-правната Комисија поднесе амандмани на член 6 алинеа 1, член 7 алинеа 3, член 17 во воведната реченица, член 18 став 3 и на член 21 став 1, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Славица Грковска поднесе амандман на член 10 став 1 за додавање нова алинеа 6, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ружди Матоши поднесе амандмани на член 4 за додавање нов став по ставот 1 и на член 15 став 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за додавање нов став по ставот 1, поднесен од пратеникот Ружди Матоши.

Нема доволно пратеници, па и да беше присутен претставникот на Владата, ќе моравме да го гласаме, освен ако не се прифатеше.

Затоа, давам паруза до 11.30 часот, за да обезбедиме кворум.

Објавувам пауза до 11.30 часот.

(По паузата)

Седницата продолжи со работа во 11.32 часот.

Продолжуваме со работа.

Господине Адеми, повелете имате збор.

**Абдилаќим Адеми:** Ви благодарам господиние претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани присутни, сите ние пред два дена ја добивме службената вест, една горка вест за трагичната смрт на четворицата граѓани на Република Македонија во Авганистан. Посмртните остaнки стигнаа вчера, додека денес е погребот на овие лица.

Дозволете ми во името на сите пратеници на семејствата да им искажеме соочувство на овие граѓани и предлагам со едно минутно молчење да им одадеме почит на овие починати граѓани.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да станат и со едно минутно молчење да им одадеме почит на овие граѓани.

(Пратениците со една минута молчење им одадоа почит на почитаните граѓани на Република Македонија ).

Отворам претрес по амандманот 1, поднесен од пратеникот Ружди Матоши, а тоа е амандман на член 4 за додавање нов став по ставот 1.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер.Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам почитуван претседателе.

Амандманот не се прифаќа, бидејќи тоа што е предвидено во амандманот е дефинирано во законите за основно и средно образование и се усогласени со Уставот на Република Македонија во амандманот 8.

**Љупчо Јордановски:** Не е прифатен амандманот.

Господине Матоши, имате збор, повелете.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине претседателе.

Овој амандман кој го поднесот за да се интервенира во овој закон, се заснова врз праксата што ја имаат многу држави. Доколку забележете и ако видиме Бирото за развој на образованието во Бугарија, Албанија, Грција, Румунија и на другите земји кои пристапуваат кој ЕУ, многу добро е прецизирано дека Бирото со кој јазик треба да комуницираме, а овде имаме едно искривување, изместување кое му се прави на Охридскиот рамковен договор. Бирото треба многу доборо да се прецизира на кој јазик треба да се комуницира и треба да биде вака како што предлагам, дека Бирото треба да комуницира на македонски јазик и кирилското писмо и на албански јазик и латинското албанско писмо, бидејќи ова е и уставна категорија. Но, јас со овој поднесен амандман сакам да ви укажам уште еднаш дека Владата на разни начини го одбегнува Охридскиот рамковен договор злоупотребувајќи и констатирајќи дека ова се

категоризира со Законот за основно и средно образование.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема пријавени за збро, го заклучуваме претресот по амандманот.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници, пред да преминеме на гласање.

62 пратеници се присутни и можеме да пристапиме кон гласање.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам на гласање.

Од 62 присутни, 44 гласале, 3 за, 4 воздржани, 37 пратеници гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1 за додавање нова алинеа 6, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование и наука.

**Тале Герамитчиоски:** Претседателе, двата амандмани од пратеникот Ружди Матоши беа?

**Љупчо Јордановски:** После овој амандман има уште амандман госопдинот Ружди Матоши.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот на пратеничката Славица Грковска се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 2 поднесен од пратеникот Ружди Матоши.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи како што и претходно кажав регулирано е според Уставот на Република Македонија во амандманот 8 и со законите за основно и средно образование регулирана е таа материја.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Матоши имате збор, повелете.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине претседател.

Мојот амандман е во однос на правичната и соодветна застапеност која што како што треба да функционира во Бирото во оваа држава и оваа Владата. Нека каже некој како го има уредено планирањето на оваа правична и соодветна застапеност на албанците. Значи, вие сте научени да се однесувате со Рамковниот договор и со правичното застапување како што сака Владата или како што сака политичкиот договор, кој што го има направено оваа Влада, за да на минимум ги намали сегментите на Рамковниот договор, како што е правичната и соодветна застапеност, со застапувањето на јазикот, употребата на јазикот итн. Тука никој не е јасен за да констатира како треба да се достигне правичната застапеност на албанците. Доколку тоа не се направи со законска категорија. Значи, за ова најдобро говори Народниот правобранител во неговиот извештај кој што малку порано го разгледувавме на Комитетот. На катастрофален начин се развива правичната застапеност на албанците, посебно Министерстото за образование кое што си игра со разни бројки и констатирајќи дека тука многу добро е правичната застапеност уредена. Кога еднаш поставив прашање до Владата, Владата одговори дека Министерството за образование има 22% застапеност на албанците. Во еден весник прочитав од еден службеник дека напишал друг процент. Во Комисија господинот Азис Положани кажа друг пороцент. Каде стои тука измамата и лагата која што вие ја пласирате во јавноста. Измамата и лагата е во тоа што вие во Министерството за образование констатирате биолошко насилие, всушност, каде што албанците имаат многу училишта и треба да има задолжително наставници и персонал што ќе ги натера тие училишта. Гледејте ја правичната застапеност во Министерството за образование. И во администрацијата на Министерството за образование ќе видите дека албанците се само 3,4% застапени. Значи, таа бројка која што се констатира дека е 32 или 22 или 29% е лага затоа што се заснова врз биолошката особина што ја имаат албанците, значи, која што им припаѓа да ја имаат во Министерството за образование. Значи, јас со овој амандман сакам да дадам позитивна димензија на вашата политика. Вие на правилен начин увидите и да направите законска категорија за правичната извесна застапеност на албанците. Од причина што доколку немаме соодветна застапеност и доколку немаме добар тек на албанскиот јазик во институциите, вие ќе ја нарушите Европската иднина на Македонија и иднината за зачленување на НАТО на Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Герамитчиоски имате коментар. Реплика или збор?

Повелете три минути.

**Тале Герамитчиоски:** Само некои информации до почитуваниот пратеник Ружди Матоши.

После официјалните податоци кои што можат да бидат лесно проверени, значи, правичната застапеност се реализира со 31,53% во Министерството за образование. И тоа е официјална бројка. Она каде што се интервенира со амандманот е исто така регулирано и во практичниот дел, значи, обукуте на наставниците се одвиваат на мајчин јазик. Материјалите кои што се користат за обуките, материјалите за стручните советувања сето се има испечатено и е достапно на мајчиниот јазик. Наставните планови

и програми исто така се реализирани на тој начин. Значи, ако се сака да се постигне некоја друга цел тоа е друга работа. Во реалноста ние комплетно тоа го имаме реализирано. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам на вниманието.

Господине Матоши.

**Ружди Матоши:** Значи, во практика се продолжува со една манипулација која што ја констатираат секој ден институциите. Значи, манипулацијата стои во тоа што не се дозволува да се направи законска категоризација за правичната застапеност на албанскиот јазик во Македонија. Значи, тука е суштината на враќањето назад што се прави на Рамковниот договор. Јас заменик министерот го прашувам: Зошто не сте поднеле извештај до Народониот правобранител, доколку сте вие толку прекрасни во правичната застапеност и во развојот за кој што вие говорете. Значи, секогаш констатирате на ваков начин, 31% тоа е биолошка особина, така што Албанците имаат многу училишта и многу наставници. Албанците во овие училишта треба да инсталираат лица кои ќе ги надзираат во овие училишта, затоа констатирате 31% со толку леснотија.Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Адеми имате реплика од три минути.

**Абдилаќим Адеми:** Благодарам.

Иако, во еден дел го објасни заменикот министер по образование, но и покрај се пратеникот Матоши не е убеден во службените податоци, јас овде ќе ги прочитам бројките од 2002 година и од 2005 година. Констатирани и тоа службено.

Во основното образование бројката беше 26%, а 27,5% е сега. Во средното образование беше 13, а сега е 16, 5%. Во високото образование имаше само 40 вработени или 1,5%, денес има 171 вработени или 6%. Додека само во Министерството за образование, за кои Матоши вели дека е биолошки талент или склоност, незнам каков поим е ова, беше 28 или 13%, додека денес се 70 вработени или 31,1%. Овие се службени бројки на Министерството за образование. Друг е проблемот зошто до Народниот правобранител нема поднесено извештај или е поднесен со задоцнување. Овие се бројки кои ја демантираат до крај констатацијата дека за првичната застапеност се води сметка во Министерството за образование. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Имате една минува реплика господине Матоши.

**Ружди Матоши:** Абдулаким сака да ми каже мене колку се процентите. Само да го потстам Абдулаким дека на неговата партија и на неговиот лидер албанскиот народ му ги даде најдобрите момчиња, му ги даде парите, му ги даде гласовите и имал четири катна помош за албанскиот народ. А, тој мене ми кажува за проценти и како достигнал до некој соодветен процент. Значи, процентот на албанците многу млалку се разликува од 2002 година наваму. Најдобро покажува дека вие не сте го убедиле Министерството да поднесе извештај до Народниот правобранител. Ова покажува дека се играте и дека вашите игри продолжуваат во континуитет и се констатира повреди кон албанците во континуитет.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Гераамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Информацијата до Народниот правобранител е испратена со овие проценти и овие бројки.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 66 пратеници, гласале 48, за гласале 7, воздржани 2, против гласале 39 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор.

Госпоѓица Грковска повелете имате збор.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Сосема накратко, заради тоа што имаме многу важен закон пред нас, заради јавноста треба да се каже дека за разлика во првата фаза, имаме многу подобра формулација, многу подобар текст на законот, во кој што се вградени забелешките од првата фаза и нуди решенија кои што значитлно ги подобруваат текстовите од првата фаза.

Она што е важно и што беше целта на овој закон и со овој закон да се обезбеди реформа на институцијата Биро за развој на образованието, што е исклучително важно, имајќи предвид дека реформите кои што се спроведуваат во образованието не можат да се спроведат доколку немаме реформирани институции кои имаат капацитет да ги спроведат овие реформи.

Амандманот кој што го прифати Министерството за образование, а кој што го предложив јас се однесува на членот 10 став 1, во кој што меѓу останатите наведени ингеренции на Бирото за развој на образованието, се додаве уште една која гласи: Бирото за развој на образованието е обврзано да дава стручна помош на училиштата во работата со надарените и талентирани ученици и предлага мерки за нивна подршка. На овој начин обезбедувме училиштата да добиваат помош, стручна помош во нивната работа со талентираните ученици, а во смисла на нивно правилно насочување и усовршување во функција на максимално развивање на нивниот талент, дури и доколку е потребно посебни наставни планови и програми, ако се смета дека станува збор за ученици кои што можат понатаму во

нивниот развој значително да придонесат за Република Македонија.

Сакам да го посочам членот 17 кој што дефинира кој може да биде вработен во Бирото за развој на образованието односно кој може да ги врши неговите надлежности, а тоа се лица, државни службеници кои имаат најмалку 5 годишно искуство во воспитно образовната работа, имаат објавено стручни односно научни трудови кои што се од значење за унапредување на образованието и воспитанието, вршат истражување и владеат со методологијата на научно истражувачката работа во областа на воспитанието и образованието. Потоа, да имаат учествувано на научни и стручни собири за образованието со свои трудови и се служат со еден светски јазик. Со останатите решенија кои што се предвидени праткички е дефинитивно направено разграничување помеѓу ингеренциите на Државниот просветен инспекторат и Бирото за развој на образованието, кој што до пред извесно време, пред да ги донесеме овие закони не беше таков случај, имаше преклопување и практички недоразбирање и проблеми во функционирањето на овие институции. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Мавровски, имате збор, повелете.

**Спиро Мавровски:** Почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги.

Кај мене се јавија неколку дилеми, читајќи го овој втор дел од Законот, мислам завршната фаза која ја предлагате и мислам дека оставивте доста работи недефинирани, или пак имаме колизија на еден со друг член. Тоа е моето мислење. Се надевам дека ќе најдеме објаснување за оваа ситуација.

Би почнал по текстот на законот, членот 4, во основните одредби каде се вели:"Внатрешната организаца на бирото се утврдува согласно неговите надлежности врз основа на закон, прописи и други акти кои се однесуваат на организациони облици и согласно развиеноста на мрежата на училиштата и јазикот на кој се изведува наставата. Седиштето на Бирото е во Скопје".

Прво, во старт има толку работи на кои треба да се повикуваме, врз основа на закон, на прописи, на други акти и организациони облици. Мислам дека апсолутно е недефинирано, затоа што во членот 15 кој ја д ава организацијата на бирото, самите вие кажувате:"Организационата поставеност на бирото се уредува со актот за организација на Министерството за образование и наука". Сега се тоа што во членот 4 стои, со ова вие или го дедефинирате, или пак нема потреба да стои членот 4, а стои дека тоа се уредува со актот за организација на Министерството за образование и наука. Називот на работните места, задачите и делокругот на работата и бројот на извршителите на Бирото, се уредуваат со актот за систематизација на работните места. Значи тоа се два акти, едниот е за систематизација, а другиот е од Министерството за образование и наука. Се ова друго повикување на закони, на незнам кои други организациони шеми, апсолутно паѓа во вода. Нема потреба од таква ситуација.

Понатаму членот 17 за кој говореше и почитуваната госпоѓица Грковска, јас до сега прв пат се среќавам со ваква ситуација во која членот 17 кој вели - работите во Бирото ги извршуваат стручни државни службеници кои покрај општите услови за вработување утврдени со законот, ги исполнуваат и следните посебни услови: имаат најмалку пет годишно работно искуство во воспитно образовната работа, тоа е во ред, понатаму, се служат со еден светски јазик. Се ова другото, овие три барања, имаат објавено стручни и научни трудови кои се од значење за унапредување на образованието и воспитанието, вршат истражувања и владеат со методологијата на научно истражувачката работа во областа на воспитанието и образованието, имаат учествувано на научни и стручни собири за образование, со свои трудови. Тоа во старт, некој што има пет години, можеби тука говорам за оние кои се млади кадри, овие ситуации можеби ги немаат, но сега ќе дојдат во ситуација да бидат апсолутно немоќни да конкурираат и да бараат свое место во Бирото за развој на образованието. Тоа ќе се види и од она што вие како посебни закони ги давате на крајот во преодните и завршните одредби каде говорите дека постојните стручни државни службеници на бирото кои не ги исполнуваат посебните услови, за овие за кои говоревме, од член 17 на овој закон, се должни во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон, ди ги исполнат посебните услови. Во спротивно им престанува работниот однос. Што треба да значи ова? Во тие две години тие треба да направат научни трудови, да посетуваат семинари, или ако немаат пет години стаж, да го дополнат тој стаж, ако не им престанува работниот однос. Мислам дека овој начин на дефинирање за мене ќе донесе многу недоразбирања, посебно кај вработените, затоа што понатаму во ставот 2, во истиот член 24 говориме:"Одредбите од став 1 на овој член не се однесуваат на стручните државни службеници, ако на денот на влегувањето во сила на овој закон имаат уште пет години до остварување на правото на старосна пензија". Сега имаме две или веќе три категории на луѓе кои се вработени, кои може да ја изгубат работата а кои не смеат да ја изгубат работата доколу го имаат сето тоа. И на крајот во членот 25, поставувате уште една трета категорија налуѓе кои се наоѓаат во Бирото и тука кажувате:"Постојните државни службеници на бирото кои не ги вршат работите од член 6 на овој закон, продолжуваат да ги вршат работите на работните места на кои се затекнати на денот на влегувањето во сила на овој закон, согласно Законот за државните службеници". Сега јас не можам да разберам дали овие луѓе што, да кажам, ќе го изгубат своето работно место, може

да бидат префрлени во овие кои се затекнати на лице место, а ќе обавуваат функции кои не се поврзани со посебните активности на член 6, затоа што секој може да се повика на членот 25 од Законот. Апсолутно тука правите галиматија што незнам кој ќе може да го разјасни сето тоа. Сигурно и на вас не ви е многу јасно, затоа што кажав, во исто биро три категории на вработени кои зависат само од тоа дали некој во меѓувреме направил научен труд, или не направил ништо. Мислам дека работата апсолутно не е коректна и не може така да функционира.

Понатаму во членот 19 глава 4, кажувате за финансирањето на дејноста и на два пати се кажува може. Може, но од друга страна финансирањето на Бирото се обезбедува од Буџетот на Република Македонија. Сега два пати стои може, ама не мора да остварува сопствени приходи, приходи од донации и други извори утврдени со овој закон. Бирото може повторно, или не мора да учествува во финансирање на истражување во обаста на образованието, кои ги спроведуват другите институции. Ова исто може во членот 20, за кој што имам сомнеж дека може да се направи ова - со Бирото раководи директор, а директорот може да има заменик. Сега, мислев дека до денес има некое објаснување затоа што од Законодавно-правната комисија имавме некои забелешки, а беше и моја забелешка во однос на тоа дали органите на државната управа, односно како орган на државна управа во состав на Министерството, може да има заменик директор. Тоа тука не го доразјаснивме, дали е тоа така, може или не може. Од друга страна, во раководењето, во Глава 5, членот 23 каде се кажува дека повторно за вршење на стручните работи од надлежност на Бирото, директорот може да формира стручни тимови со учество на надворешни стручни и научни експерти. Составот и бројот на членовите на стручните тимови ги у тврдува со решение директорот на Бирото. Сега тука доаѓаме во една ситуација, колкави ќе бидат овие тимови кои се финансиските средства, кој ќе ги обезбедува, од каде ќе се обезбедуваат. Ако финансискиот план на она што значи Биро, со своите вработени и ова што значат стручни тимови кои би вработеле на одделни проблематики, мислам дека треба да биде дефинирано. На овој начин, директорот се доведува во ситуација во секој министер за правда омент да има потреба од ваков стручен тим, дали се тоа домашни или странски експерти, тоа сигурно дека ќе бара пари, но тие со член 23 му го давате тоа право и тој тоа може да го направи, а после тоа, колку ќе се оптовари Буџетот, колку ќе се повлечат средства од Министерството за образование кое и така нема средства, тоа треба да го кажете вие. На тој начин мислам дека во Законот се останати многу недодефинирани работи за кои очекував, бидејќи ова е завршна фаза кога треба да го гласаме Законот, дека пристапот требаше да биде малку поинаков, да се усогласат сите овие ситуации.Мислам дека тука даваме многу можности за манипулација, многу можности за самите вработени, да не дојде до недоразбирање, или до суски процеси кои ќе доведат до тоа Бирото и понатамуј да плаќа големим оштети. Мислам дека тоа требаше да се разгледа и на овој начин овој закон јас не би го гласал. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Има збор заменик министерот Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Овој закон ги помина меѓународните експертизи од странски експерти кои имаат искуства и познавања, од поинаква поставеност на вакви институции кои успешно функционираат во многу поразвиени системи на образование. Да потсетам дека овој закон се усогласува со другите закони за основно и средно образование и Законот за државен просветен инспекторат во кој ги предефинираавме надлежностите и на советниците кои порано ги имаа во стариот закон за Бирото за развој на образованието.

Да потсетам, ако порано Бирото за развој на образованието имаше и функција на креирање на квалитетот на воспитно образовниот процес, преку наставните планови и програми и контролна функција, значи контролниот механизам се наоѓаше во рацете на советниците, сега контролата на квалитетот на образованието е во рацете на Државниот просветен инспекторат. Значи тоа бара поинаква поставеност на Бирото и поинакво размислување на човековите ресурси кои се во состав на Бирото за развој на образованието. Јас одговорно ви тврдам, почитуван пратеник, дека ниеден нема да биде оставен на улица. Напротив, советниците кои се занимавале и со контрола на воспитно образовниот процес, ќе преминат во Државниот просветен инспекторат. Значи нема поинаков начин начитање на членот на законот, освен на овој начин, на кој е дефиниран, бидејќи тие и порано се занимавале со оваа дејност во Бирото.

Што се однесува за недоразбирањата во делот на финансирањето, да потсетам дека во Бирото кое е институција во склоп на Министерството за образование и наука, но е посебен Буџетски корисник од прв ред, освен средства од Буџетот, има на располагање и други финансиски средства кои потекнуваат од меѓународни институции и проекти, а Бирото се јавува како менаџер на тие средства. Да потсетам, секоја година со УНИЦЕФ ние потпишуваме договор кој меѓу другото располага и со одредени материјални средства во функција на развој на образовниот систем односно заштита на правата на децата во делот на образованието. Секогаш сервисер се јавува Бирото за развој на образованието, преку реализација на проектите, со надворешни соработници кои најчесто се од страна на Универзиетот. Значи нема простор за недоразбирање. Се е јасно, бидејќи и Министерството за финансии и Законодавно-

правната комисија и Секретаријатот за законодавство го пречешлаа овој закон, најдоа дека постои потполна усогласеност со другите законски решенија кои ја третираат оваа проблематика. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Мавровски имате три минути реплика.

**Спиро Мавроски:** Почитуван заменик министер, јас бев многу прецизен за тоа што говорев по текстот на законот и говорев за членот 4 и членот 15. Уште еднаш ќе повторам ако не бев јасен.

"Внатрешната организација на Бирото се утврдува согласно неговите надлежности врз основа на закон, прописи и други акти кои се однесуваат на организационите облици и согласно развиеноста на мрежата на училишната и јазикот на кој се изведува наставата". Тоа е член 4.

Членот 15 говори мноу јасно и децидно и вели:"Организационата поставеност на Бирото се уредува со актот за организација на Министерството за образование и наука. Назвивот на работните места, задачите и делокругот на работата и бројот на извршителите во Бирото, се уредуваат со актот за систематизација на работните места". Тука приказната завршува. Вие тоа што ни го објаснивте сега дека имаме креирање на квалитет и контролниот механизам дека се одделува од Бирото, тоа е сосема јасно со членот 6 и сите останати членови кои многу прецизно ги дефинираат обврските кои ги имаат вработните во Бирото за развој на образованието. Тука јас немам никаква дилема, но се јавува оваа дилема и се јавува дилемата во однос на три категории на вработени во самото биро, дали ќе останат без работа, дали некој ќе остане после две години, дали во тие пет години некој ќе може да реализира или ќе биде прогласен како непотребен во Бирото, тоа останува понатаму со актите за систематизација на работните места во Бирото, да се додефинира. Вие не можете сега да кажете дали ќе бидат сите вработени, или ќе останат само 15%, кога немаме систематизација и апсолутно не знаеме како понатаму ќе се организира Бирото. Затоа барав прецизен одговор за што апсолутно ништо не добив. Затоа останува мојата дилема и понатаму.

И во однос на заменик директорот, повторно не се искажавте. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, сосема на кратко сакам да го искажам и нашиот став за законот за Бирото за развој на образованието.

Остануваме на нашиот став кој беше искажан во првата фаза од разгледувањето на овој закон, дека не се работи за закон, туку за програма, за работа на шестте предвидени одделенија на Бирото. Законот не е усогласен со структурата на Министерството за образование и наука, што се наведува во Нацрт-националната програма за развој на образованието.

Во главата насловена - рекомпонирање на централните образовни институции, се заговара етаблирање на следните образовни институции на државно ниво: Државен просветен инспекторат, Државен испитен центар, Педагошки завод на Република Македонија, односно Бирото и Центар за средно стручно образование.

Во предложениот закон за Бирото, нему му се дадени ингеренциите предвидени за Државниот испитен центар. Цениме дека одлуката Државниот испитен центар да биде дел на Бирото, не е во согласност со природата на дејноста на овој центар. Целите што треба тој да ги оствари, претпоставуваат самостојно дејствување.

Начинот на кој се регулираат работите со овој закон е во колизија со начинот со кој се регулираат работите во другиот закон што е предмет на разгледување на Собранието, а тоа е Законот за средно стручно образование и обука. Имено со Законот за средно стручно образование и обука се предлага основање на Совет за стручно образование и обука, како експертско тело кое ја претставува поширокта заедница. Со законот на Бирото, таквото тело не се воедува, за планирање и развојот на предучилишното, основното и гимназиското образование, за кое е надлежно Бирото.

Имајќи предвид некои европски закони, пред се законите, за образование на Република Словенија, цениме дека е потребно воведување на експертски тела.

Со членот 23 се предвидува директорот на Бирото да може да формира стручни тимови со учество на надворешни сручни и научни експерти, но таквите тимови треба да решаваат повремено конкретни задачи. Со законот не се обезбедува постојана соработка меѓу Бирото и поширокото општество, претставено преку експертски тела, во планирањето на реформата на образованието.

Сакаме да нагласиме дека во Законите за образование на Република Словенија постои биро, но неговата задача е да ја администрира дејноста на експертските тела кои ги донесуваат програмите и одлучуваат за суштествените работи во доменот на образованието.

Со овој закон за експерти се прогласуваат стручните државни службеници од кои се бара да имаат објавено стручни и научни трудови, како што е кажано во членот 17. Ова е недопуштена квалификација на државните службеници на кои од една страна им се придаваат компетенции кои ги немаат, а од друга страна пак го загрозува нивното работно место. Сметаме дека треба многу посериозно да се обработи оваа материја и целиот закон да добие еден подруг концепт за да може да биде прифатен од наша страна.

Не би сакала подолго да елаборирам, бидејќи нашите ставови по однос на Бирото за развој на образованието јасно беа искажани и во

претходната фаза. Значи, ако остане законот вака како што е даден, пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ нема да го поддржи. Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот Слободан Најдовски)

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Повелете три минути за реплика господине Герамитчиоски.

Има збор заменик министерот за образование и наука господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Интересно е што беше споменаат законот во Република Словенија, бидејќи меѓународните експерти од кои што добивме експертска помош се од Словенија и тие компатибилно вусшност предложија измените во Законот за бирото за развој на образованието да бидат слични како измените кои што се направени во Словенија и успешно функционираат. Впрочем, идејата за креирање на ваков закон е новата надлежност на Бирото да биде административно креирањето на новите наставни планови, програми, содржини, издавачка дејност и така натаму. Значи, во креирањето на контролата на квалитетот да биде администратор. Експертите да не бидат само од редот на стручните државни службеници, туку и од редот на истакнати универзитетски професори и истакнати просветни работници кои што имаат долгогодишно искуство во воспитно-образовниот процес во Република Македонија. И тоа, ќе биде менаџирано од страна на Бирото, односно од неговите служби.

Во членот 11 од Законот се дефинирани целосно надлежностите на Бирото за развој на образованието, а зошто доаѓа до привидна слика дека има одредена колизија со надлежностите на Државниот испитен центар, односно Центар за стручно образование и обука, тоа е така бидејќи согласно со Законот за органи на управа во кој што треба да се дефинираат овие нови центри, за да имаат правен субјективитет кога ќе се изврши измена на Законот за органи на управа, во него ќе бидат дефинирани целосно Државниот испитен центар и Центарот за стручно образование и обука, или како што популарно се нарекува во другите европски земји ВЕП-центарот, како посебни институции надвор од Министерството. Сега за сега, ние мора да ги усогласуваме законските надлежности според важечките закони да не дојдеме до одредена колизија. Значи Државниот испитен центар е формиран, прашање на денови кога и официјално ќе биде пуштен во употреба, но тој правно не може да функционира сам за себе како институција надвор од Министерството, бидејќи тоа не го овозможува Законот на органи на управа и затоа ќе биде во рамките на Бирото за развој на образованието во досегашниот период. Истото се однесува и на Државниот центар за стручно образование или ВЕБ центар кој што го креираме, но ќе биде дефи ниран.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, додека да го прочитаме останатиот дел.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Пред да преминеме на гласање, ги молам пратениците да влезат во салата.

(Некои пратеници влегуваат во салата)

Молам, службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците во салата).

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 63 пратеници, гласале 56, од кои 48 за, 1 воздржан и 7 против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот молам да крене рака?

(Пратениците креваат рака).

Кој е против? (Нема)

Дали има воздржани? (Нема)

На седницата присуствуваат 12 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, од нив за Предлогот на законот гласаа 12 пратеници, против нема, и нема пратеници кои што се воздржале од гласањето.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Бирото за развој на образованието.

**Минуваме на точката 11 - Предлог за донесување на закон за стручно образование и обука.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменикот министер за образование и наука, господинот Тале Герамитчиоски.

Повелете господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам господине потпретседателе,

Сакам да потенцирам дека пред пратениците е текстот на законот за стручно образование и

обука, првичен текст, кој што за прв пат се изготвува од страна на Владата односно Министерството за образование и наука.

Нашата амбиција е да бидат опфатени подрачјата кои што ја потенцираат потребата од зајакнување на компонентата на стручното образование и обука, особено делот на постсредното образование кој што не беше оопфатен во досегашните законски решенија.

Со тоа се надеваме дека ќе се обезбеди континуитет во стручната обука, стручното и општо образование преку држење на чекор со современото ниво на науката, технологијата и културата и со барањата кои коренспондираат со изббраните области на стручното образование и обука.

Нашата амбиција е во партнерски односи и со други институции, пред се Министерството за труд и социјални работи, во кој закон се наброени одредени негови надлежности, значи се делегираат негови надлежности во оваа област преку учеството на стопанските комори, занаетчиските комори, да се направи еден обид на поттикнување на стручното образование како добра подлога за создавање на индна берза на трудот во Република Македонија.

Значи, потсетувам дека станува збор за прва фаза и сите добронамерни предлози, сугестии и решенија кои ќе бидат опфатени во периодот до донесување односно изготвувањето на втората фаза ќе бидат добродојдени. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодрам господине заменик министер.

Има збор пратеникот Марија Којзеклиска.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе,

Точно е дека овој предлог за донесување на закон за стручно образование и наука е прва фаза од она што е интенција на Министерството за образование и наука како предлагач на Законот, но според мене искрено кажано за овој предлог можеби се имало многу добра желба, но лоша реализација.

Ќе се обидам накратко да објаснам зошто сметам дека овој закон вака како што е предложен во прва фаза нема да ја постигне целта заради која и се донесува.

Прво, кое не ми е јасно, читајќи го законот е оние установи предвидени со членот 2 од Законот - установи за стручно образование и обука каде се наоѓаат во системот на образование во Република Македонија со оглед на тоа дека нашиот образовен систем познава одредени институции.

Со овој предоог за донесување на закон ние допрва тие установи ќе треба да ги вметнеме во постојниот закон за образование, или во постојниот образовен систем, или тие ќе бидат за една гранка, еден негов дел кој ќе остане како незадолжителен дел во однос на заодолжителното образование во Република Македонија.

Вака како што е предложен законот се поаѓа од личната иницијатива на одредени поединци кои сакаат постсредно да се образуваат, кои сакаат стручна обука кај работодавците независно дали се тоа јавни служби дали се тоа занаетчии или останати дефинирани во членот 2 од Законот. Значи, останува само на личната иницијатива на одредени луѓе дали тие ќе се нафатат воопшто да учествуваат во реализирањето на овој предлог за донесување на закон.

Јас разбирам дека Министерството сака да даде почва, некоја појдовна основа за да можат тие луѓе доколку сакаат, што е многу важно, затоа што нашиот образовен систем, посебно основното образование е задолжително, меѓутоа, многу е важно дали тие луѓе ќе сакаат воопшто да продолжат понатаму со постсредно образование или со струча обука во определен дел.

И едно друго да не заборавиме. Единиците на локалната самоуправа и министерствата се наведени како носители на овој закон и реализијата на овој закон, но ред е доколку се носители и доколку ги остварат сите активности кои им се предвидени и оние надлежности кои им се дадени со овој закон, едно е да им овозможи услуги на тие лица, на тие поединци кои стручно ќе се дообразуваат и да вршат стручна обука на терен, или реално да можат да ги остварат оние права заради кои се остручуваат, а тоа е да можат да заработат пари.

Значи, целта на образованието согласно моите видувања е да се даде еден систем и да се изгради една личност која ќе може стручно да се доусоврши и понатаму во животот му се дава основ да работи и да заработува пари. Тоа е целта на образованието. Значи, образование за да можат луѓето, независно дали ќе бидат вработени во јавни инстиртции или самоинцијативно ќе формираат или ќе создадат свој бизниз, меѓутоа, основниот мотив е пари.

Министерствата и единиците на локалната самоуправа или сите работодавачи редно им е да им дадат можност на тие луѓе и во пркса да го поклажат она знаење кое ќе го стекнат доколку се усвои, независно дали е прва, втора или трета фаза.

Да се вратиме на основното прашање.

Знаејќи ја општата економска состојба во Република Македонија, знаејќи колку луѓето имаат реална можност да се вработат, знаејќи дека имаме  над 380.000 невработени во Република Македонија јас се прашувам дали со донесувањето на овој закон ќе се постигне целта заради која овој закон се донесува. Една од целите наведени е да се подигне личната иницијатива кај поединци да можат да се доусовршат или да се дообразуаат за да можат понатаму да учествуваат во процесот во кој како крајна цел ќе има личен профит.

Во Република Македонија од 380.000 невработени 6% се лица со високо образование. Ако тие лица ги споредиме со она што се нуди како предлог за донесување на закон, јас немам ништо против лицата кои сеакат стручно да се образуваат, или да проведат определена обука, меѓутоа ако веќе се стремиме кон Европа и ако го преземеме европскиот систем на функционирање и на образование во Република Македонија, а кој се темели на високообразовните институции или реформи во високообразовните институции, целта на секое општество е што повќе високообразовни кадеи, не треба да ги заборавиме и тие 6% на невработени од 380.000 од вкупниот број невработени лица кои со години чекаат да бидат врабоени не по своја вина, се разбира, меѓутоас, од условите кои државата, а тука секако дека извршната власт има најголема вина што државата не успеала да им обезбеди услови за да можат да се вработат. Не зборувам за вработување како државни службеници, не зборувам за вработување во јавната или во општинската администрација, туку зборувам за вработување на кадри кои ќе можат сами да си бидат свои провајдери на сопствени бизниси.

Значи, се поставува прашањето што е попрво дали кокошката или јајцето. Да му се даде акцент на зголемена економија за да можат лицата сами да си го обезбедат својот профит или својата лична заработка, а од друга страна се нуди закон на лицата кои сакаат стручно да се образуваат и да вршат обука без конкретни задолженија за извршната власт да се овозможи тоа да се случи за да се подобри економската состојба.

Ова ќе го потврдам со фактот што постои само една одредба од членот 14 став 1 во кој се вели дека работодавачот има право да се стекне со финансиски, царински, даночни олеснувања пропишани со закон.

Второ, предлага измени и дополнувања на потоечките и предлага нови наставни планови и програми.

Целта на законот е да се обезбедат, значи работодавачлот да се стекне само со финансиски, царински и даночни олестувања, или целта на Законот е нешто друго.

И самиот предлагач вели.да цитирам точно како стои: "личните компентенции неопходни за идните стручни активности на секое лице". Без пари, без економија залудно е 15.000 вакви закони вие да донесувате и да предлагате, ако нема реална основа или реална можност економски на тие луѓе да им се дадат одредени олеснувања и бенефиции, а вака тие се оставени на милост и немилост на работодавачите и работодавачите како крајна цел да имаат финансиски, царински и други даночни олеснувања, со кои би можеле, значи во иднина би можеле а не задолжително, затоа што се вели дека работодавачоти има право, што може да се толкува и дека нема потреба, тоа не е обврзувачка норма. Значи само тие како работодавачи да се стекнат со одредени финансиски и даночни олеснувања.

Да почнам од почетокот на законот, а дефинициите не сакам да ги коментирам. Се вели "модул", само ќе го спомнам членот 2 ставот 6 каде се вели дека "модул означува независна единица на учење" и дали вие можете почитувани колеги да го дефинирате и да го протолкувате ова што сега ќе ви го прочитам. Во ставот 6 се вели:"Модул означува независна единица на учење која како функционална и поливалентна програмска целина овозможува стекнување со знаење и вештини од одредена област, задоволувајќи ги принципите на функционалност, флексибилност и рационалност". Тој што треба да го спроведува да го спроведува овој закон ќе треба да користи Вујаклија ако сака да го спроведе така како што треба и да размисли што е тоа модул.

Ми се појавуваат некои прашања. На пример, во членот 2 точка 7 "диплома, уверение означува јавен документ признат од државата, со кое се потврдува завршување на одредена програма за стручно образование и обука". Значи што со таа диплома после ќе можат-се поставува прашањето што можат со таа диплома и лицата кои ќе бидат вклучени во одредена програма за стручно образование и обука да направат, иако се назначува дека е јавен документ, меѓутоа каде ќе им послужи таквата диплома или таквото уверение. Установите согласно овој закон се сведуваат на училишта за стручно образование и обука кои реализираат општо и стручно средно образование и на центри за стручна обука. Сега ние или оваа Влада, бидејќи се експерти, од 2002 година само основаме некои совети, основаме академии, основаме разни институции, и сега основаме совет за стручно образование и обука кој е составен од членови 11, но составот не сакам да го читам, од сите можни нивоа од образовниот процес и оние кои се поврзани со образование согласно овој закон се ставени како членови. Потоа има надлежности на член на совет, Советот избира претседател-значи за тоа станавме стручни лица. Не сакам да излезе дека овој закон го донесуваме само да им се обезбедат работни места на членовите на Советот за стручно образование и обука. Тоа понатаму продолжува во делот, или така тече во континуитет ако се видат надлежностите на Министерството надлежно за образование во областа на стручното образование. Ако се видат надлежностите на Министерството надлежно за труд во областа на стручното образование, се некако општо се кажува, се некако недефинирано, неразработено, остава простор за сомнеж, затоа што една надлежност од Министерството ќе ви прочитам: "По препорака на Советот и предлага на Владата мрежа на установи за средно одбразование, по предлог на Центарот донесува наставен план и врши други работи согласно одредбите од овој и друг закон, донесува национални рамковни и наставни програми и

планови, Министерството надлежно за труд има надлежност да учествува во спроведувањето на државната политика во областа на стручното образование и обука, да прави анализа на пазарот на трудот . . ." Многу тешка надлежност му дале на Министерството за труд од областа на стручното образование и обука да прави анализа на пазарот и трудот, затоа што за овие 16 години ниеднаш не е направена анализа на пазарот на трудот и сега Министерството треба да почне со тоа, но не знам колку е подготвено и екипирано да може да ја направи таа анализа стручно и компетентно и ова Министерство понатаму, во надлежностите се вели, учествува во организирањето на професионалното ориентирање и надлежностите на единиците на локалната самоуправа кои вршат анализа, согласно членот 10 ставот 1 точка 1, на потребите на пазарот на локално ниво и ги искажуваат согледувањата за потребите од центарот и установите за стручно образование и обука.

Мноту институции во Република Македонија ќе почнат конечно да ње зафаќаат со анализа на пазарот на трудот што на државно, што на локално ниво, а знаејќи го капацитетот на единиците на локалната самоуправа и процесот на децентрализација кој тече и самите сте свесни истиот со какви проблеми се соочува, прашање е како ќе се постигне целта односно крајната цел на овој закон и како ќе може да се спроведе она што Министерството за образование и наука го има во глава кога предлага ваков закон. Се наведуваат социјалните партнери, дека тоа се коморите и синдикатите, а на некоја од комисиите беше укажано дека не е наведено кои комори треба да стојат, согласно бројот и видот на коморите кои постојат во Република Македонија. Најголем впечаток ми остави Главата"Видови стручно образование, траење и нивоа на стручни квалификации". Само Господ тука може да се снајде , верувајте, никој друг. Тие што треба да го спроведуваат ова стручно оспособување и нивоата на стручните квалификации, ќе треба да помине доста време за да се снајдат во она што сакал законодавецот да им го објасни, предлагајќи во членот 18, членот 19 и оние надлежности кои се дадени во членот 18, и онаа во која јас не верувам дека тие брзо би се снашле.

Исто така, посебен впечаток ми остави членот 25, чиј наслов вели "Цели на постсредното образование и обука", па да прашам дали некој од вас ќе го разсбере членот 25 и од таа причина ќе го прочитам. Во него се вели:"Постсредното образование и обука обезбедува продлабочено оспособување за работа кое бара посредување на продлабочени знаења и вештини од технологијата, организацијата или водењето на оперативните работи во произовдството и услугите". Јас не можам да го протолкувам овој член, на кого му текна ваков текст да срочи за чкен на закон кој треба практично да биде применлив, незнам, веројатно Министерството си знае. Значи се вели некако општо, со повисоки цели и колку "ради ред" да се поднесува овој Предлог за донесување на закон, прва фаза. Господ знае што ќе имаме во втората фаза, каков ќе имаме тогаш.

Во членот 32 се вели: "Во центарот се усогласуваат и интегрираат државните интереси и интересите на социјалните партнери во стручното образование и обука во Република Македонија ". Па да прашам, ако центарот го основа Владата согласно членот 31, кои се државните интереси на Центарот за стручно образование и обука, прецизно дефинирани, бидејќи државни интереси на Владата затоа што Центарот го основа Владата или на извршната власт се знае кои се, јасно се дефинирани. Тука ме буни кои се државни интереси во делот на стручното образование и обука и плус тоа, центарот ја координира соработката и со меѓународните институции и организации од областа на стручното образование и обука. Надлежностите потоа следат на Центарот во членот 33, тој што ќе го спроведува законот нека мисли како ќе го спроведува. Веројатно Министерството за образование и наука би можело да ми објасни мене, бидејќи ова е прва фаза, го дале предлогот како што го дале во законот, меѓутоа, разбирам дека ќе ги прифатат сите забелешки и сугестии кои ќе произлезат од денешната дискусија, но сакам да знам затоа што мора да има некоја основна нишка, како ќе изгледа предлогот во Владата во втората фаза или крајната верзија на овој закон, а во неа да бидат вметнати економските параметри за да може овој закон да се спроведе на дело. Затоа ќе повторам на оние лица кои ќе сакаат да учествуваат во тоа стручн образование и да им биде вршена обука мора да им се даде можност на дело тоа свое знаење да го пренесат, а крајната цел е добивање на соодветна заработувачка за она за што тие луѓе стучно се образувале и за што тие луѓе вршат обука.

Затоа, посочувам на Владата ако има намера ваквиот предлог да го пушти и во втора фаза, ќе бидам сигурна дека основната цел на овој закон е да се промовира некоја друга работа, а не да им се овозможи на лицата поединците стручно да ње образуваат да вршат обука, да им биде вршена обука. Ако целта и во втората фаза е во ваква форма, да не го употребам оној збор кој често се врти во јавноста дека е популизам, меѓутоа, верувајте, мене така ми изгледа, читајќи го законот од почетокот до крајот, читајќи ги причините и образложението на законот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Има збор пратеникот Андова Ана. Повелете.

**Ана Андова:** Благодарам господине потпретседателе.

Господине заменик министер, почитувани колеги и колешки пратеници.

Јас ќе коментирам само еден навод од причините наведени од предлагачот на законот поради кои се донесува, односно се предлага донесување на овој закон. Дозволете да ја цитирам таа причина. "Законот за стручно образование и обука ќе ги обезбеди и основите на доживотното учење преку вклучувањето на постсредното образование во рамките на стручното образование и обука" и веднаш ќе кажам дека ова е суштинска причина, суштински повод и ја одразува суштинската потреба да се донесе ваков закон. Зошто мислам така? Затоа што се вклопува максимално во образовната политика и цел на образовната политика на секоја земја, вклучително и нашата, е да се обезбедат можности за стекнување на соодветно образовно ниво за секого и за сите возрасни групи, да се осигураат сите возрасни групи, да можат, да имаат можности да поседуваат знаења, вештини и ставови кои се во согласност со барањата на општеството и пазарот на трудот, кои континуирано особено како одат цивилизациските придобивки и прогресот постојано се менуваат и многу тешко се прилагодуваме и адаптираме и можеме да одговориме на потребите на пазарот кој станува таков каков е дневно менлив, особено во одредени сфери и особено за одредени возрасни категории на граѓани.

Еве, овие причини се за мене сосема доволен повод да гласам за донесување на ваков предлог на закон.

Дозволете кратко да образложам и да го ставам во контекстот во кој реков ќе се осврнам токму на оваа единствена причина, за која сметам дека е од суштинско значење. Тоа го бара современиот труд и современиот труд има потреба од знаења и способности за адаптирање и пресретнување на промените. Кажав дека пазарот со енормна брзина дневно и тековно се менува, флуктуира и бара флексибилност од страна на понудата на работна рака на тој пазар. Еве, да спомнам еден пример. Во Република Австрија која е меѓу 10-те најбогати земји во светот, 800.000 вработени на годишно ниво губат работа заради тоа што згаснуваат одредени занимања, ги надминува времето, ги надминува моментот, меѓутоа тоа не значи дека расте стапката на вработеност. Напротив, со монжноста да се адаптираат, да се прилагодат на потребите на новото време, на новите технологии, таа работна сила брзо флуктуира на одредени други нови тековни современи барања. Дозволете во тој контекст да ја спомнам најновата Директива за услужни дејности на Европската Унија, бидејќи пазарот на услужни дејности енормно се развива и расте.

Втората премиса која сакам да ја ставам во овој контекст е тоа што современиот труд исто така предизвикува и намалување односно ќе предизвикува намалување на работната сила и ќе ја промовира важноста на образованието и обуката во сите возрасни групи. И ова е од особена важност, па затоа уште еднаш ќе ја потенцирам и ќе ја цитирам оваа причина која предлагачот ја наведува, Законот за стручно образование и обука ќе ги обезбеди и основите на доживотно учење, и целите, и причините, и овие карактеристики на современиот пазар кои ги наведов дозволете да ги ставам уште еднаш во контекст на доживотното учење како еден модел на адаптација, на прилагодување и на сопствените потреби за настап на пазарот на трудот, но исто така, и на прилагудовуање на општеството бидејќи бара ангажман и на општеството и на државата во целина, да направи правен амбиент за да може тие промени да се одвиваат на еден организиран начин, па се разбира со тоа да се исклучува полека можноста за ексклузија или исклучување на одредени занимања од пазарот на трудот заради застареност, заради неконкурентност и неможност да се биде еден значаен настапувач или понудува на одредени видови услуги на пазарот на трудот.

Исто така, сакам да кажам дека одредени одредби од овој закон се разбира може да се поедностават, за да можат да бидат разбрани така како што треба да бидат разбрани и да го предизвикаат правото дејство кое предлагачот имал намера да го установи и да го утврди со овој Предлог за донесување на закон.

Многу се важни одредбите кои претендираат да ги утврдат, да ги уредат оние повеќеслојни нивоа на стручно усовршување и обука, да се сертифицира одредено знаење стекнато преку животно искуство и бавење со одредена работа и тоа всушност на сите нивоа многу конкретно и на индивидуално ниво дава една можност за настап на пазарот на трудот. Сакале или не сакале, мораме да размислуваме во тој правец и да го поддржиме донесувањето на овој закон. Токму во овој контекст, во контекстот на овој закон и во контекст на стратегијата за образование на возрасни, во контекст на доживотното учење и потребата од прилагодување на пазарот на трудот, Клубот на пратенички организираше и расправа.

Клубот на пратенички организираше расправа, на расправата учествуваше по конкретните прашања кои ги третира овој закон за кој сега во оваа фаза нема да коментирам и претставници од Министерството за образование и наука, претставници од Стопанската комора на Македонија, од Државниот завод за статистика и претставник од Работничкиот универзитет во Прилеп.

Се согласивме по многу прашања, за наводите и принципите и начините како да се пристапи во создавање на можности и правен амбиент за разрешување на прашањата кои ги тангираат одредени возрасни категории и би рекла родови категории, не е точно дека нема податоци во оваа сфера или појдовна основа од каде треба да се тргне во анализата на пазарот на трудот, како што спомна колешката Којзеклиска, постојат точно утврдени статистички показатели од секој аспект,

еве да кажам и од родот, бидејќи лично ме засегнува, на активното население, на неактивното население, на учеството на одредени видови и сегменти и во работниот ангажман и на пазарот на трудот.

Токму во востановувањето на норми за тој пазарен труд или востановување на самиот пазар на основи на кои би сакале да настапуваме се многу важни и таа стратегија за образование на возрасни или прашања кои тука ги расправаме, стечајните работници, технолошкиот вишок и подготвеноста да може да се пресретне одреден проблем со понуда и можност врз база на стекнатото искуство да може да се прилагоди од поединецот, индивидуата во тековните моменти.

Со жалење морам да констатирам дека на многу квалитетната расправа на Округлата маса која ја организиравме поовој повод не беше присутен ни еден медиум, меѓутоа, за жал, тоа е тоа, бидејќи поинтересни се наводни шпекулации за политички трансфери отколку некои суштински работи кои ги расправаме, кои се наша обврска како Собрание, како пратеници д аи расправаме.

Се разбира, таков е овој закон за некои  не му беше дадено нужното внимание Предлогот за донесување на закон од суштинско значење, јас со задоволство ќе го подржам. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Андова.

Има збор пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе, станува збор за исклучително важен закон и јас ќе се обидам сосема на кратко, со оглед на тоа што  законот е во прва фаза, денеска ја разгледуваме потребата од доенсување на ваков закон. Ќе дискутирам во таа насока и да укажам на подготвеноста и на сегашната седница, меѓутоа и на седницата на Комисијата за образование, наука и спорт, претставниците од Министерството укажаа дека се отворени за сите предлози, решенија што ќе бидат истакнати во јавната расправа не само во Собранието за да добиеме еден закон за стручно образование кој е неопходно потребен на Република Македонија, а кој другите држави веќе го имаат.

Овој закон ќе овозможи да се изградат напори и на државата, меѓутоа, и на локалните власти за да се изградат предизвикувачки стандарди во средното образование кое треба да се прилагоди и да биде во континуитет со реформите во високото образование. Но, исто така да ја зголеми државната и локалната флексибилност во обезбедување на услуги и активности дизајнирани да развиваат, имплементираат и да ја подобрат стручноста во образованието.

Средното стручно образование во суштина претставува едно специјализирано средно образование кое ќе им овозможи на сите оние кои сакаат да учат, лица кои го завршиле или го напуштиле средното образование да се подготват за влез на пазарот на трудот и конечно да ја напуштиме онаа традиционална навика во третирањето на образованието дека еднаш стекнато образование, без разлика дали е средно, високо, дека не треба да се надоградува, дека е тоа здраво за готово и дека нема потреба од натамошно усовршување или менување на она образование кое веќе е стекнато.

Ваквото образование треба да обезбеди компетентност, можност за примена на знаењето, повисок степен на резонирање и вештина за разрешување на пробелми, да обезбеди однос кон работата поинаков од досегашниов, генерални вештини за вработување, како и специфични професии на поединци.

Меѓутоа, она што е важно и што се провлекува во целиот текст за кој зборуваа претходните дискутанти е дека е неминовна поврзаност и соработка помеѓу сите заинтересирани субејкти, треба конечно да го напуштиме мислењето дека само државата треба да биде онаа која ја креира политиката во образованието, со оглед на тоа што образованието претставува економски развој на една држава, а имајќи ги предвид сите субјекти кои имаат бенефит од економскиот развој или кои придонесуваат за економскиот развој на една држава, тогаш е реално да бидат и тие субјекти вклучени во креирањето на образованието особено кога станува збор за средното стручно образование.

Значи, зборуваме за Здружение на работодавачи, Здружение на работници, единици на локална самопурава, социјални партнери кои исто така имаат исклучително важна улога. Се разбира во една таква заедничка стратегија од сите субјекти кои ќе бидат дел и кои, согласно овој закон ќе имаат обврска, неминовно ќе дојде до резултати кои други држави веќе многу порано ги стекнале, ќе придонесе и за побрз локален развој во смисла на инволвираноста на локалната самоуправа, меѓутоа ќе овозможи кадрите кои излегуваат од образованието да можат многу полесно да го следат пазарот на трудот и развојот на технологијата и да бидат пофлексибилни и подобро да котираат на пазарот на трудот.

Тука госпоѓата Андова ја наведе Австрија, јас ќе ја наведам за пример Словенија како еден од примерите за одлична соработка со социјалните партнери и прашања кои се однесуваат на образованието и на пазарот на трудот.

Она што ќе биде клучно по донесувањето на овој закон, а за кој мислам дека би требало да продискутираме сега, е како да обезбедиме место за стручното образование како врвен квалитет, како да се популаризира и да се свати неговата исклучителна важност и треба да бидеме свесни дека добриот имиџ почнува со добри програми, добри наставни програми кои ќе излегуваат во пресрет на потребите и на учениците и на работодавачите и на општеството. Меѓутоа и на сите оние лица кои дошле во позиција да ја изгубат работата, кои сакаат и имаат желба

понатаму да се доусовршуваат или да го сменат своето образование за да бидат полесно достапни на пазарот на трудот.

Групите кои најмногу ќе имаат бенефит од стручното образование се ученици кои не планираат да се запишат на факултет, но и возрасни кои имаат потреба од нови вештини за вработувања, што е многу важно, и ако имаме во предвид бројка на невработени за која зборуваше госпоѓа Којзеклиска, имајќи предвид дека најголемиот дел од невработените лица, барем оние кои се пријавени во Агенцијата за вработување се со средно образование, а за нив ќе биде исклучително важно средното стручно образование кое не би требало да го пропуштат и на тој начин би можеле да дојдеме во позиција преку ваквото образование да ја намалиме бројката на невработени.

Затоа треба да се овозможи што поширока афирмација, што пошироко информирање за можностите што ќе ги нуди и чиста слика за средното стручно образование и неговите можности.

На крајот, сакам да истакнам дека предизвиците што ги форсира брзиот технолошки и индустриски развој неминовно имаат одраз врз образовниот систем и го принудуваат на брзи промени и прилагодувања со средното стручно образование правиме чекор напред во таа смисла и чекор напред кон поголемата флексибилност и поголема присутност на светскиот пазар на трудот и од овие причини Пратеничката група на СДСМ ќе го пдоржи овој закон. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓице Грковска,

Има збор пратеникот Милка Митковска.

**Милка Митковска:** Благодарам господине заменик претседател,

Мојата дискусија ќе биде прилично кратка во однос на овој закон, бидејќи тоа е прва фаза од неговото донесување.

Образованието како најважен сегмент на општеството во смисла на продуцирање на база на квалитетни ресурси на компетентни кадри од кои подоцна зависи развојот на една држава и нејзините перспективи се уредува со повеќе закони.

Го имаме Законот за основно образование, Законот за средно образование, Законот за државен инспекторат, Законот за бирото за развој на образованието и слично. Сепак, сите овие закони оставаат простор за потреба од еден нов пософистициран закон кој ќе го уредува стручното образование и обука како што е овој Предлог на закон од страна на Владата на Република Македонија.

Со овој Предлог на закон се има за цел да се постигне обука за оспособување за работа, за самовработување, но и за продолжување на образованието на оние кои тоа го посакуваат.

Исто така тој ги опфаќа, покрај младите во редовна образовна процедура и возрасните и тоа било како посредно образование кое дава основи за доживотно учење, што е новина на овој закон и би се држел чекор со развојот на науката и брзото менување на технологијата, преструктуирањето на пазарот на трудот и пазарната економија.

Во изготвувањето на овој проект, а особено за неговата реализација, вклучени се многу сегменти на општеството почнувајки од Министерството за образование и наука, потоа Министерството за труд и социјална политика, социјалните партнери како што се Комората и Синдикатот, не се изоставени како битни чинители работодавците, установите за стручно образование и обука кои треба допрва да се формираат, значи една симбиоза од повеќе чинители кое, секако дава надеж дека овој закон ќе најде своја употреба и своја имплементација.

Кога сме кај имплементацијата на овој Предлог закон ќе има прилично тешкотии, бидејќи во него има некои недоречености.

Бидејќи ова е прва фаза, се надевам дека недореченостите и сложеноста на законот ќе бидат разработени и разјаснети и ќе се пополнат празнините што овој закон ги има, односно сложеноста во применливоста на овој закон.

Верувајќи дека забелешките на дискутантите ќе бидат прифатени и вметнати во втората фаза на законот, ќе гласам за потребата од донесување на овој закон со чија имплементација конечно ќе се постигне еден биланс меѓу побарувачката и понудувачката на пазарот на трудот заснована врз пазарни и демократски принципи. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Митковска.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Јас по однос на Предлогот за донесување на закон за стручно образование и обука мора да го искажам моето огромно задоволство што конечно во собраниска процедура дојде еден закон кој беше огромна нужност во Република Македонија и добро е што конечно Министерството за образование и наука свати дека, без оглед, сега не зборувам само за сегашното Министерство, туку за сите министерства односно состави на претходни минситерства, дека ваков закон за стручно образование и обука е огромна потреба на Република Македонија токму поради фактот што треба да обезбедиме флексибилност на пазарот на трудот не само декларативно, туку правејќи напори да можат лесно да се приспособат невработените и сите други работници на потребите на пазарот на трудот со брзи програми кои ќе можат да бидат приспособени за преструктуирањата кои се прават во сите фирми кои се основаат во Република Македонија, оние кои имаат проблеми

и оние кои бараат дополнителна работна сила, значи брзи програми кои исклучиво ќе работат на тоа стручно да ги оспособат луѓето за да можат да најдат вработување.

Во периодот наназад уште од осамостојувањето на Република Македонија па до денес постои овде, како што се вели, еден празен простор во пракса и овој закон тоа треба да го пополни.

Јас ќе кажам дека овој закон треба да го легализира, да го официјализира она што постоеше во Република Македонија кое го работеа пред се работничките универзитети на кои треба да им се искаже огромно признание од државата на нивниот исклучителен напор да ја покријат оваа сфера, бидејќи со години наназад без никакво разбирање од ни едно министерство тие работеа сами и сами изготвуваа програми за образование на возрасни, сами програми за образование на млади, зборувам на млади, бидејќи најголем дел од посетителите на стручно образование во работничките универзитети беа ученици кои завршиле основно образование и кои не сакаа да продолжат понатаму во средно образование, меѓутоа, се заинтересирани стручно да се оспособат и токму овие институции ги покриваа овие млади и се грижеа за нивната едукација. За среќа во последните десет години овој исклучителен напор на овие институции беше подржан од Меѓународниот институт на Сојузот на народните универзитети на Германија и со помош во обука на кадри од работничките универзитети и со помош во изготвување на програмите и со помош во издавање на стручна литература која е од огромна важност токму за младите и за возрасните кои сакаат стручно да се оспособат за некој занает.

Имавме можности од нивна страна да бидат спонзорирани, со нивно учество да бидат издадени огромен број на публикации од областа на стручното образование се со единствена цел да можат сите заинтересирани невработени да ги користат овие публикации, овие брошури, прирачници, за да можат што поскоро стручно да се оспособат и самите да се вработат или да се вклучат во одредени претпријатија да може да биде искористен нивниот труд ,

Во тој период имаше прекрасна соработка со повеќе работодавци кои бараа одреден вид на стручен кадар, тоа го подржаа и повеќе проекти преку Призма, преку УНДП и имаше оспособување и на градежни работници и секаков вид на работници.

Тоа го зборувам од една единствена причина што ова сега што се предлага со законот за стручно образование и обука е обид да се даде некаква форма на она што постоеше до сега.

Токму заради тоа го поздравувам овој чекор, иако не се согласувам во целост со сето она што е наведено во Предлогот за донесување на закон, меѓутоа сега зборуваме за потребата. Од тоа што го кажувам само сакам да укажам на огромната потреба од поврзување на сите субјекти, како што е кажано овде во законот кои што се заинтересирани за стручното оспособување. Тоа досега го правеа работничките универзитети благодарение на добрата волја од друга страна на институциите на кои што им тропаа на врата и кај кои што се обавуваше практичната обука, почнувајќи од медицинските центри за оспособување на болничари, иако беше исмеана во најголем дел оваа активност на работничките универзитети, меѓутоа огромен број од болничарите кои што завршија благодарение, повторно ќе кажам на поддршката ИИЗДВВ, односно Меѓународниот институт на Сојузот на народните универзитети на Германија кои што дадоа огромна поддршка и во опрема и во програми. Најголем дел од заврШените болничари најдоа свое место, односно свое врботување на западно европскиот пазар на трудот, за жал, а не во Република Македонија, иако имаме голем број ,значи огромна можност и овде да бидат врботени. Исто е и со градежните работници. Сега се радувам што имаме веќе законска рамка и обврска за соработка со тие институции и да може непречено да се дава поддршка на стручното оспособување. Ако го погледнеме бројот на невработени во Република Македонија многу сериозно треба да се размисли и со овој закон и со законот кој што конечно веќе се навестува дека ќе биде донесен законот за образование на возрасни, ако сакаме да имаме доживотно образование во Република Македонија, ако сакаме постојано да се оспособуваат граѓаните, мораме на овој степен на развој во државата, на општеството во Република Македонија, меѓутоа и во иднина да се огледаме на земјите од Европската унија, овде посебно ќе ја спомнам Германија која што дава исклучителна поддршка по разни основи, значи со закон се слеваат пари во овие институции за образование на возрасни кои што овозможуваат граѓаните многу малку да платат за да можат да ги следат сите обуки кои што овозможуваат нивно приспособување, лесно приспособување на барањата на пазарот на трудот. Од таму е и флексибилноста на работната сила и нивната можност многу лесно да се приспособуваат на барањата и потребите на пазарот на трудот. Ова не е решено со овој закон, меѓутоа само го спомнувам за да се види дека треба и во тој правец да се размислува. Во законот е наведено дека и учениците кои што немаат завршено основно образование можат да започнат со стручно оспособување. Тоа и до сега се правеше, тоа не е никаква новина, тоа го имавме во основното образование на возрасни во програмите кое што се реализираше и за помладите кои што немаа 18 години и паралелно течеше еден процес за завршување на основното образование и во исто време и нивно стручно оспособување за некој занает за да може кога ќе излезат од клупите на институциите каде што

следат основно образование веќе да имаат, ако не друго, ние како што велевме, парче леб во рака да можат да тропнат кај некој приватен сопственик и да обавуваат некоја занаетчиска дејност, во прв момент да помагаат, а подоцна и тие самите да можат успешно тоа да го работат.

Јас сакам да напомнам  дека во овој закон треба јасно да се стави една граница што е тоа стручно оспособување за младите и стручното оспособување на возрасните и кои се институциите кои што тоа ќе го прават и кој ќе биде континуитетот, треба да се даде посебно одговор на тоа прашање, кој ќе биде континуитетот што го имаме до сега и на кој начин ќе продолжи тој континуитет во однос на институциите кои што ја обавувале оваа активност и кои што и во моментов и во иднина треба да ја  обавуваат, бидејќи имаат огромно искуство, имаат услови, а не само просторни туку и опрема, меѓутоа пред се искуството од изминатиот период кога се бореа сами без никаква поддршка од страна на државата, туку само со поддршка на некои од меѓународните организации.

Сосема накратко, некои сугестии. Самата форма на законот е превземена  од законите на европските земји во кои што постои еден општ Закон за образование во кој е регулирано се она што им е заедничко на сите нивоа на образовниот процес и постојат закони за секое образовно ниво одделно во кои  е регулирано само она што е специфично за образовниот процес на тоа ниво. Наша сугестија е да се покрене прашањето за потребата од нови закони за образование каде ќе се направи соодветното усогласување со европските закони, односно ќе се изготви еден општ закон за образованието и посебни закони за предучилишно, основно, општо средно стручно, високо образование и образование на возрасните.Концепцијата на законот кој што го имаме пре нас е различна од онаа на другите закони за образование. Меѓутоа, овој закон не ги решава основните проблеми на организацијата на средното стручно образование, на статусот на ученикот, за носителите на воситно образовната дејност, педагошката евиденција и документација, управувањето и раководењето во овие стручни училишта, финансирањето, контролата и обезбедувањето на успехот на образованието. А законот, мора да спомнам, онака како што е даден е во колизија и со законите за децентрализација со кои средното образование и стручното образование е во компетенција на локалната самоуправа. Со законот се заговара централизирано стручно образование со можност општината да добие одредени компетенции. Но, занемарувањето на единиците на локалната самоуправа може да се согледа и во член 8 каде што е регулирана надлежноста на Министерството за образование и наука да дава мислење за престанок со работа на установите за стручно образование и обука, а  во донесувањето на таквата одлука е исклучена локалната самоуправа во најголем дел, иако тие во најголем дел се основачи на вакви институции за средно и за стручно образование. Со законот се заговараат тела што отсуствуваат во другите форми на образование, како што спомнав и претходно во врска со Законот за биро за развој на образованието. Доколку се воведе совет за средно стручно образование и обука како советодавно тело потребно е такви тела да се предвидат и во другите домени на образование. Структурата на советот повторно укажува на занемарувањето на фактот дека основната одговорност за стручното образование ја носи општината како основач на тие училишта. Неприфатлив е составот на советот. Наш предлог е советот да брои 13 членови од кои по 3 члена од Министерството за образование и наука и ЗЕЛС, 2 члена од коморите, по еден член од Министерството за труд и социјална политика, од Министерството за економија, од Министерството за финансии, од Агенцијата за вработување и Синдикатот. Во законот се заговара тесна врска помеѓу стопанските субјекти и образовната установа. Таква врска е воспоставена во земјите со развиена економија со големи стопански субјекти што се во можност, имаат интерес да овозможат во нивните работни простории да се реализира стручната пракса. Кај нас бројот на таквите економски субјекти е ограничен. Од друга страна тие не се дистрибуирани на целата територија на државата, туку се концентрирани во прв ред во Скопје. И од таму е опасноста да се загрози образовниот процес во помалите општини каде што нема да се обезбедат фирми во кои што ќе се реализира практиката, или пак нема да биде квалитетот тој како што ќе го има во поголемите индустриски комплекси, бидејќи учениците ќе имаат на увид се она што се случува, црлокупниот работен процес да биде виден и да учествуваат во него. Надлежностите на социјалните партнери во однос на изведувањето на завршните испити е такво што е минимизирана улогата на самото училиште. Коморите можат, но не е задолжително да учествуваат во завршниот испит.

Во членот 29 каде се предвидени програмите за мајсторски испит потребно е во изготвувањето на програмите покрај Комората да учествува и Центарот за стручно образование и одука.

Накратко тоа би биле забелешките за овој закон. И очекувам конечно да биде донесен и законот за образование на возрасни, доколку сакаме и тоа под итно да се стави во процедура, бидејќи  скоро 4 години  и претходните  11 години постојано тоа го бараат раб отничките универзитети да се донесе закон за образование на возрасни за да може да се даде една законска рамка со која што ќе може да кажеме дека Република Македонија води грижа за перманентното образование, меќутоа тука да се најде и стручното образование на возрасните кое што е од огромно значење за намалување на бројот на невработените во Република Македонија. Кога зборувам за стручно образование, мислам и на сите граѓани кои што

имаат завршено само основно образование и тоа треба да ни биде посебна задача, бидејќи овој Парламент треба да ги постави основните на кој начин можеме да се справиме со невработеноста, а тоа ќе го направиме доколку се грижиме токму за оваљкатегорија на граѓани и доколку со сите други закони се овозможи да се прелеат средства во овие институции кои што ќе дадат поддршка за обраованието токју на овие граѓани се со цел да можат тие многу полесно да се вклучат на пазарот на трудот, имајќи во предвид тоа што најголемит дел од нив немаат пари да ги платат обуките во овие образовни институции.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Голомеов.

**Благој Голомеов:** Благодарам господине претседателе. Почитувани колеги, пред нас се наоѓа релативно мал закон, закон за стручно образование, меѓутоа исклучително значаен кој не заслужува паушални и тенденциозни дискуси од почетокот на расправата. Мислам дека е закон кој едноставно е во функција и треба да биде во правец на напорите за да се направат одредени реформи на пазарот на работната сила во Републик Македонија. Ако знаеме дека 65% од структурата на невработените денес во Република Македонија се со општо средно образование или со основно образование, или неоформено основно образование и тн. Тоа е една крајно неповолна структура на невработени. Така што, било какви мерки преземени од страна на државата тешко можат да дадат ефект во правец на намалување на овој горлив проблем на Република Македониј. Овој закон е токмј во тој правец во правец на интегрирање, односно користење, или имплементација на европските искуства на оние развиени економии. Брзиот развој на техникта и технологијата кој се одвива со исклучително брзо темпо од сите нас бара, без разлика на функцијата, без разлика на образованието, без разлика на компетенциите бара едноставно доживотно учење. И токму со еден ваков закон мислам дека ќе се придонесе во таа насока да се постигнат значителни резултати, посебно новината по средното образование која е токму во правец на тоа доживотно учење и доквалификација, преквалификација, ако сакаме едноставно да ги следиме трендовите светски и европски.

Инаку, досега стручното образование беше како што е наведено и во образложението во рамките на средното образование. Меѓутоа, мораме да признаеме дека многу малку внимание му се обрнуваше и затоа е потребен ваков посебен закон кој предвидува формирање на национален совет за стручно образование и обука чија цел ќе биде креирање на долгорочна политика за развој на ова стручно образование. Во Предлог- законот во овој текст дадени се алтернативи дали него да го формира Владата, или Собранието на Република Македонија. Мислам дека заради неговото значење треба да го наименува Собранието на Република Македонија. Освен тоа се формира национален совет за стручно образование и обука, односно Центар за стручно образование и обука кој ќе ги усогласува интересите на државата и на социјалните партнери и ќе се грижи за имплементацијата на таа стратегија која од страна на националниот совет ќе биде усвоена и димензионирана. Реков дека до сега стручното образование беше во рамките на средното образование, меѓутоа она што го имаме како реалност моментално е фактот дека и децата кои излегуваат од тие навидум средни стручни образовни училишта многу тешко, или неможно е веднаш да се вклучат во процесот на производството, затоа што едноставно, не пример во текстилните училишта ние имаме програми кои се стари по неколку децении. На пример, во Текстилното училиште во Штип и ден денес се образуваат за предилци, ткајачи, едноставно за технолошки процеси кои ги нема. "Македонка" на времето која имаше таква технологија, додека денес преовладува лесната текстилна индустрија и работодавците постојано лиферуваат огласи за вработување, меѓутоа едноставно не можат да ги пополнат слободните работни места токму заради тоа што дури и децата кои излегуваат од стручни текстилни училишта не се способни да се вклучат веднаш во процесот на производството. И тоа е најголема слабост, тоа создава една лоша структура на невработени за кои тешко се решава проблемот со вработувањето. Добро е што во овој закон наоѓаат место сите чинители кои се упатени кон овој проблем, почнувајќи од работодавачите кои треба да ги димензионираат потребите на стопанството, да бидат во функција нивните производни процеси да се стават во функција на обука на децата по јасно изразени правила, бидејќи сепак, техниката и технологијата со која располагаат тие е на повисоко ниво од она што го имаме денес во образовниот систем. Потоа, социјалните партнери, тоа се коморите и Синдикатот кои треба да учествуваат во развивањето на стратегијата, на долгорочната стратегија за стручно образование и кои треба да дадат свој придонес. Министерството за образование и наука по вокација има обврски кон ова образовани, сигурно ова образование е дел од системот на образованието. Министерството за труд и социјална политика кое е матично Министерство кое се бори со проблемот на невработените и на социјалата и денес ова Министерство се обидува со одредени програми за доквалификација се обидува да ја променми структурата на невработените, да ги направи поатрактивни, да го олесни нивното вработување. Меѓутоа, свесни сме дека и тие средства што се користат за таа намена не се мали, често пати се злоупотребуваат и не го даваат саканиот ефект до крај токму заради тоа што не се приоѓа стратешки кон разрешување на овој проблем. Секако тука е локалната самоуправа. Јас поддржувам одредени

искажувања дека локалната самоуправа треба да добие малку поголемо значење во рамките на димензионирањето во рамките на стручното образование, на иницирањето на потребите, на програмите, бидејќи во рамките на локалната самоуправа дене се наоѓа и локалниот економски развој. И сигурно дека локалната самоуправа најдобро знае што е тоа што и е потребно во економската сфера. Мислам дека тука треба да се најдат начини за поголема флексибилност во реализацијата на потребите искажани од страна на локалната самоуправа. Се на се сметам дека , уште еднаш ќе го изкажам своето задоволство што конечно се најде еден ваков Предлог на закон пред нас. Мислам дека со расправата која следи ќе добиеме Предлог на закон кој ќе одговори на онаа намена за која истиот и се донесува, односно ќе ги даде позитивние ефекти пред се во промената на структурата на работната сила на пазарот на трудот.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе. Јас се согласувам со сите оние кои што го изнесоа ставот дека е неопходно да се донесе еден ваков закон. Се согласувам со насловот на законот. Но, ако се проанализира законот, не сум убеден дека ќе ја постигнеме целта која што се сака да се постигне со законот.

Слушајќи ги моите колеги пратеници што дискутираа, имам чувство како да не го доразбрале до крај, да не го проанализирале законот. Прво, зборуваат за работничките универзитети. Најмалку во овој Закон ќе се најдат работничките универзитети, онака како што се сега поставени.

Втората работа, се плашам да не ги измешаме работите, велам дека идејата е одлична и сакајќи да ја постигнеме таа идеја, се плашам толку да не ги измешаме и искомплицираме работите што на крајот нема да ја постигнеме целта.

Имено, сум имал прилика да посетам неколку центри занаетчиски во Германија. Сега, четврток и петок ќе имаме прилика претставници од Занаетчиската комора од Гобленци, претставници на занаетчиските комори од Балканот да ја одржат Балканската конференција на занаетчии овде во Скопје, и ќе имаме прилика и да разговараат претставници со членовите на Комисијата за економија во Собранието на Република Македонија и ќе видиме дека работите не се баш вака како што некој ги замислил да ги организира со овој закон.

Јас мислам дека ние не треба многу да измислуваме, и еве и да пресликаме од западно-европските земји, но повеќе овие повозрасните, кои работеле во образование да ги консултираме и кога се однесува за обука на образование, на кадри, посебно како што овде, за стопанство најмногу се зборува, најдобро е да си го примениме системот од крајот, кој што го укинавме, односно крајот на седумдесетите години. Најголем број западноевропски земји го применуваат тој систем за кој што ние сметавме дека со воведувањето на насочено образование требаше да го напуштиме, таканаречениот систем за образование на кадри или работници за во стопанството. Најдобрите стручњаци за во стопанството ги имаме од тој период на образование и не треба ништо да ни смета што било во едно минато време за кое што ние сметаме дека ни е минато.

Оттука, нејасни ми се неколку работи. Велам дека ќе гласам во оваа фаза за законот, но некои работи треба да се доразјаснат.

Прво, мислам дека во самиот закон се предвидува премногу сложен систем. Малтене нешто измешано помеѓу насоченото образование и образованието на кадри за стопанството, да кажеме. Се плашам, во една таква замисла дека нема да ја постигнеме целта. Треба јасно да кажеме, средните училишта ќе постојат за една работа, а овие училишта што се, ќе бидат исклучиво за образование на кадри во директното производство.

Затоа, прво ми е нејасна улогата пред доминантната улогата, повторно капата да биде строгата определувачка улога од Министерството за образование и наука, а занемарување, иако се спомнуваат, но суштински е занемарување на останатите субјекти, пред се тука мислам на коморите, на Стопанската комора и на Занаетчиската комора. Сметам дека треба да биде сосема обратно за во овој закон, главната улога треба да ја имаат занаетчиските комори и Стопанската комора. Министерството за образование и наука ниту да усвојува некои програми, ниту строго да ја контролира нивната, мислам како тие ќе се развиваат, туку напротив, само да ја има посредничката услужна, би рекол "услужна" дејност. Бидејќи во законот сите субјекти предлагаат мерки, планови, но Центарот и Министерството се тие кои одлучуваат како понатаму ќе се одвива тоа. Јас мислам дека е тоа погрешната насока.

Втората работа, во Законот треба да предвидиме работодавачите, дали Стопанската комора, дали Занаетчиската комора, тие да ги формираат центрите за практично изведување на наставата. Затоа што тие се најзаинтересирани за тие кадри, потоа тие ќе бидат економски моќни да тоа го направат. Министерството за образование и наука, велам и убеден сум дека ќе нема економска моќ тоа нешто да го направи. Тоа го направиле овие земји, за кои што зборуваме дека се развиени, на таков начин го организирале. Сметам дека целокупната надлежност околу центрите за обука и самиов Центар што е предвиден, морам да ви кажам дека е нејасно за што ќе биде. Дали тоа ќе биде уште едно бирократско тело до кое што тешко ќе се доаѓа и ќе ги кочи сите позитивни процеси? Сметам дека

главниот збор треба да им се даде на работодавачите во овој процес.

Третата работа што сакам да ја потенцирам, иако се дистанцира и се направени некои разлики, но не сум до крај убеден дека одредени делови не се во судир со Законот за занаетчиство што го донесовме во ова Собрание.

На пример, во Законот за занаетчиство е една процедура за мајсторски испит, во овој закон е предвидена и поинаква процедура. Се прашуваме дали ќе бидат исти, со положен мајсторски испит и оној кој не одел во овие училишта и оној кој одел само во одредена занаетчиска работилница и на крајот стигнал до мајстор.

Сметам дека треба да се разработи самиот систем на Центарот, овој што е овде предвиден за образование и обука и центри што ќе бидат за стручно усовршување на оние кои ќе се образуваат и обучуваат, според овој закон.

На крајот би завршил со тоа дека, ќе повторам уште еднаш, многу повеќе за втората фаза треба да се вклучат претставниците на работодавачите и врз основа на тоа да постигнеме рационално решение. Во спротивност, се плашам дека ќе донесеме еден закон што ќе ја усложнува процедурата, односно многу повеќе ќе ја бирократизира. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Прешоски, повелете имате збор.

**Коста Прешоски:** Почитуван претседателе, почитуван заменик министре, колеги пратеници,

Со внимание го разгледав Предлогот за донесување на закон за стручно образование и обука од гледна точка на потребата од негово донесување, начелата врз кои треба да се засновува законот, основните односи што се уредуваат со законот и начинот на кој што се предлага нивното уредување.

Една од причините за донесување на овој закон произлегува од потребата да се поттикне интересот за стручно образование и обука, да се обезбеди стручно и општо образование преку држење на чекор со современото ниво на наука, технолгоија и култура. Со законот се создаваат услови за надградување на квалификациите на стручно образование и обука, а со цел да може да му се овозможи на поединецот да ги задоволи потребите на пазарот на трудот и намалување на невработеноста.

Во мојата дискусија посебно ќе се осврнам на видови стручно образование, траење и нивоа на стручни квалификации, што се нудат со овој закон и ќе се потрудам да дадам некои свои предлози и сугестии.

Со законот, учениците ќе имаат можност да добиваат стручни квалификации со една или две години. Првото ниво на стручни квалификации се постигнува со стручно оспособување што ќе трае една или две години и се користи за брзо прилагодување на соодветен кадар за потребите на пазарот на трудот. Воглавно станува збор за стручно оспособување наменето за работи со пониски барања кое дава практични знаења и вештини за различни подрачја на трудот.

По мое мислење добар е предлогот во програмите за стручно оспособување да се вклучат покрај кандидатите за завршено основно образование и оние кои немаат основно образование, но со обврска напоредно со стручното оспособување да се стекнат и со основно образование.

Исто така мислам дека е потребно да се наведе каде би се изведувало стручното оспособување на кандидатите.

Со завршувањето на стручното оспособување кандидатите се стекнуваат со прво ниво на стручни квалификации.

Второ ниво на стручни квалификации се стекнуваат со завршувањето на стручното средно образование за занимање кое е наменето за задоволување на потребите на стопанството.

Ова образование трае од две до три години, тоа е всушност досегашното тригодишно стручно образование за занимање.

Предлагам во ова ниво на стручно образование во прва година да може да се запишуваата и ученици со завршено стручно оспособување.

Стручното образование за занимање ќе се изведува како и сега во училиштата за стручно образование и обука, а практичната обука во училиштата и кај работодавачот.

Учениците со стекнато второ ниво на стручни квалификации може да го продолжат своето образование во четврта година во техничкото образование, или што е сега новина по најмалку три години работна практика да може да се вклучат во пост-средното стручно образование.

Третото ниво на стручни квалификации се стекнуваат со завршувањето на техничкото образование.

Техничкото образование трае четири години и тоа е образование кое што подготвува кадри за вработување во сите сфери на трудот.

Потоа, ова образование овозможува и продолжување на образованието на вишо-стручно образование но и на високо образовните институции доколку истите се стекнат со државна матура.

Кандидатите со завршено техничко образование своето образование можат да го продолжат и на пост-средно образование врз основа на континуирани програми или по две години работна практика.

Четвртото ниво на стручни квалификации се стекнува со завршување на пост-средно образование.

Тоа е образование кое подготвува кадри за определени професионални должности за одредени сегменти од процесот на трудот.

Учениците со завршено пост-средно образование, своето образование можат да го продолжат на вишо стручно образование.

Предлагам и учениците со завршено пост-средно образование и стекната државна матура да може да го продолжат своето образование и на високо образовните институции.

Треба да се истакне дека по завршувањето на секој вид на стручно образование и обука се предлага: Испит за стручно оспособување, завршен испит, државна матура, специјалистички испит и мајсторски испит.

Почитувани пратеници,

Навистина овој закон нуди една целовитост и на ученикот постојано му се нуди можност за продолжување на своето стручно образование.

Исто така, со овој закон се уредени правата и обврските на учениците и кандидатите во стручното образование и обука.

Така тие имаат право да се префрлаат од еден вид во друг вид на стручно образование и обука, односно од едно во друго ниво на стручни квалификации.

Во членот 22 се дадени некои права и обврски на учениците во оваа сфера на образование, при што за нив ќе важат и правата и обврските пропишани со законот за средно образование и со други прописи.

Со одредбите на законот големи надлежности добиваат социјалните партнери, коморите, посебно комората на занаетчии, министерството за труд и социјална политика, а дел од надлежностите се префрлаат на локалната самоуправа

За успешна реформа на стручното образование потребно е и прифатливо основање на совет за стручно образование и обука кој ќе ја креира долгорочната политика за развој на стручно образование, т.е. ќе придонесе стручното образование и обука да го следат пазарот на трудот и развојот на технологијата

Така во член 7 се дефинира советот за стручно образование и обука како советодавно тело кое предлага стратешки прашања кои се однесуваат на политиката на развој на стручното образование и обука.

Ова тело го основа Владата на Република Македонија, што е во основа прифатлива решение,

Предлагам алтернативата да отпадне, т.е. Собранието на Република Македонија да биде основач на советот.

Во овој член исто така се дефинира кој го сочинува советот, од колку члена се состои и кои се неговите надлежности.

Исто така, со одредбите на овој закон се дефинира и основањето и функциите на центарот за стручно образование и обука, како посебно стручно тело.

Во центарот ќе се усогласуваат и интегрираат државните интереси и интересите на социјалните партнери во стручното образование и обука.

Ако добро се разгледа овој предлог за донесување на закон, за стручно образование и обука, ќе се забележи дека локалната самоуправа ќе преземе дел од активностите на оваа сфера на образование, пред се за на локално ниво го забрзаат економскиот развој со свое учество во анализирањето на пазарот на трудот и искажување на своите потреби.

Донесувањето на ваков закон во овој момент актуелен и повеќе од потребен јасно е дека има потреба од негово донесување. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците, ако може, бидејќи имаме уште 13 минути до пауза да дојдат во салата, да пристапиме кон гласање на заклучокот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(пратеници влегуваат во салата)

Добро, благодарам.

Си обезбедивме 10 минути повеќе одмор.

Продолжуваме со гласањето во 15,00 часот.

Ги молам сите пратеници тогаш да бидат присутни.

Пауза до 15,00 часот.

(пратениците отидоа на пауза во 13,50 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,02 часот)

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.
Молам пратениците да влезат во салата, бидејќи треба да преминеме на гласање на заклучокот.
Сите во своите дискусии истакнаа дека ова е многу важен и значаен закон, па да видиме колку ќе биде значаен за да го изгласаме.
На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за стручно образование и обука.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за стручно образование и обука, при што ќе ги има во предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заколучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за образование и наука.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Молам пратениците да влезат во салата за да можеме да преминеме на гласање.

Ги молам пратениците уште еднаш да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Молам пратениците да седнат на своите места.

Уште еднаш службите нека го утврдат точниот број.Благодарам.

Продолжуваме со работа.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 63 пратеници, гласале 60, за гласале 60, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 12 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на законот и дописот на Законодавно-правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Мустафа Неждет.

**Неждет Мустафа:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Денес пред мене и пред вас има еден сериозен предмет и сериозна обврска кон целната група која што го поднесе овој Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

**Слободан Најдовски:** Ве молам, нека биде тишина, дозволете да се ислушаме.

**Неждет Мустафа:** Значи, пред нас имаме една многу, многу сериозна обврска. Притисокот кон мене како целна група на ромската заедница, претпоставувам дека тука ќе го најдат интересот и другите заедници односно и други целни групи и мислам дека ќе биде од огромно, огромно значење да придадеме сериозен пристап кон овој мој предлог.

Мислам дека со еден загрижувачки однос ќе ме следите и ќе имате трпение да го следите моето обраќање по овој мој предлог, пошто констатирам дека законите се донесени во интерес на граѓаните, никако да сметаат една целна група дека законите претставуваат едно насилие на кое што може да резултира еден сериозен проблем.

Мислам дека токму со овој закон имаме огромно нееднакво третирање на ромската заедница со аргументи кои што можам да ги изнесам. Свесен сум дека со вашите 119 гласови нема да придонесам со трпение да го следите овој мој предлог и не сум во исчекување дека ќе се прифати овој мој предлог по официјалното мислење.

**Слободан Најдовски:** Господине Мустафа, извинете за момент, само да дозволиме да има атмосфера за работа. Дали може да престанеме да го сослушаме господинот Мустафа.

**Неждет Мустафа:** Добро, мислам дека јас несекојдневно ви се обраќам, а зад мојот говор стојат 100 илјади роми кои со огромно нетрпение чекаат да се произнесам за проблемот што тие ми го доставија. Затоа, јас уште еднаш се надевам дека со нетрпение ќе го следите.

Добро, ако не, тогаш да се вратам и мислам дека нема потреба да дискутирам. (Пратеникот ја напушти говорницата).

**Слободан Најдовски:** Неколку пати ги замолив колегите да го ислушаме колегата Неждет Мустафа. Гледам веќе дека има пријавени за дискусија, што значи дека законот е од интерес за сите, но секој си стана од местото, си разговара со другите, а наводно се заинтересирани за законот. Ова не се однесува на вас господине Флоровски.

Ве молам, да создадеме услови самите, не знам на кој поинаков начин тоа да го направиме.

Да му дозволиме уште еднаш на господинот Мустафа да дискутира.

Повелете, господине Мустафа продолжете да дискутирате.

На кого не му се слуша, може слободно да излезе.

Има збор пратеникот Мустафа Неждет.

Повелете господине Мустафа.

**Неждет Мустафа:** Добро, јас знам дека сум еден меѓу вас и дека можеби не е потребно да се слушне мојот глас, но еве повторно ве замолувам бидете малку трпеливи, затоа што зад мене, ви спомнав, стои една целна група која што е загрижена за нешто што е од егзистенционален карактер и егзистенционално прашање.

Се работи за мојот предлог на кој што како причина за донесување на овој закон би сакал да го аргументирам.

Имено, одреден број на невработени лица, посебно се осврнувам кон ромската заедница, од одредени причини оправдани или неоправдани го пропуштаат рокот за јавување во Агенцијата и со тоа тие го губат правото на паричен надоместок и здравствена заштита и немаат право повторно да се пријават пред истекот на една година од денот кога го изгубиле правото односно по истекот на тој рок, тие со повторното пријавување се стекнуваат со правото за здравствена заштита и се евидентирани како лица кои бараат вработување.

Измената која се предлага е во функција да му се овозможи на лицето кое еднаш го пропуштило рокот, тоа да може да го исправи и да се пријави во рок од дополнителни 30-тина дена со што не би го изгубил правото на паричен надоместок и здравствена заштита. Но, таквото право на дополнителен рок мора да се испочитува од невработеното лице, а доколку тоа не се испочитува, лицето го губи правото и може да се пријави повторно во Агенцијата по истекот на една година.

Предложеното решение е во насока на надминување на воочените проблеми со кои се судруваат невработените лица кои имаат право на паричен надоместок и здравствена заштита, но и на службите задолжени во Агенцијата.

Како конкретен предлог, мојот предлог гласи: "Невработено лице кое нема да ја исполни обврската за јавување едно по друго по истекот на рокот на јавување од неоправдани причини, го губи правото на паричен надоместок и здравствена заштита и се брише од евиденција на невработените лица од  Агенцијата и може повторно да се пријави по истекот на една година". Сметам дека овој аргумент на кој што со огромно изненадување го имаме одговорот од Министерството за труд и социјална политика како автори и покровители на овој закон, со потписот на министерот Стевчо Јакимовски сум изненаден поради тоа што господинот Јакимовски е и координатор на стратегијата на ромите што најмногу ромите од него очекуваат ангажман во однос на решавањето на нивните проблеми. Така што сум шокиран од одговорот што ни го возврати.

Неговиот одговор гласи: - Ваквото решение сметаме дека е неприфатливо од причини што не станува збор, односно не се однесува на опфат на оправданите случаи за нејавувањето односно не е наведено поради кои случаи се бара наместо еднаш, двапати едно по дргуо не јавување од страна на невработените лица. При тоа во предложениот закон поконкретно не се наведени причините поради кои се бара на двапати јавување. Освен тоа ваквото решение, вели, ќе создава просотр за уште поголема злоупотреба во примена на законот, во смисла на тоа што истото ќе влиае на намалување на обврските и одговорностите на овие невработени лица, во правец на активното барање работа, немање на увид целосна евиденција и контрола на невработените лица и нивното работно ангажирање.

Сметам дека текстот е фокусиран на една стереотипност и до колку Министерството за труд и социјална политика сакаа да се пофали со тоа што ќе укине неколку проценти, 15% или 20% од примање на социјална помош, или отстранување од процедурата во Агенцијата за вработување и дека тоа би било некој резултата за Министерството за труд и социјална политика тоа за мене е фларгантно кршење на човековите права и владеењето на правото. Зошто?

Од аргументите кои би сакал сега да ви ги посочам дека целната група на која ги предлагам овие дополнувања е како, на ромската заедница која е најзагрозена, може да се помогне токму во период кога тие од недоволна информираност, од непознавање на администрацијата или по основ на, вие добро знаете пратеници сте од сите градови низ Републиката, се случува кога самите роми работат по нивите за мизерни средства и злоупотреба на нивниот физички труд, или пак кога се зафатени со собирање на железо и картони за продожба односно за егзистенција. До колку Министерството за труд и социјална политика смета дека токму таквите роми што тие сметаат дека на тој начин заработуваат доволно средства односно пари за нивната егзистенција и претставува еден доволен основ да им се одзема правото за пријавување и земање на социјална помош мислам дека тоа е нешто пред се е стереотипно и второ е загрозување на најзагрозената целна група во Македонија, а тоа е Ромската заедница. Од тие причини сметам дека Министерството за труд и социјална политика не треба да се грижи да донесе закон, како да ги осакати веќе осакатените роми, туку да донесе мерки да се промовира регрутирање на роми на пазарен труд, во приватниот и во јавниот сектор и да се интензивираат програмите за обука и креирање на работни места, за членови на ромската заедница, особено погодени од невработеноста.

Сметам дека имаме доволно простор овој мој предлог да се прифати, кој е од суштинско значење што ромската заденица поради непознавање на администрацијата и поради одредени работи кои можат да се случуваат, висок е процентот на луѓе кои ги осакатуваме, тоа токму најранливата група.

За жал, мојата концентрација сега, заради вашиот однос кон мојот горов, е ослабната и морам тука некаде да прекинам, иако имав доволно аргументи со кои можев да ја аргументирам ситуацијата на ромската заедница.

Уште еднаш благодарност во однос на вашето почитување кон мене.

**Слободан Најдовски:** Пратеникот Поповска Лилјана не е тука.

Има збор пратеникот Чедомир Краљевски.

Повелете господине Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги.

Пратеничката група на ВМРО Народна прартија позитивно ќе се изрази по предлог законот на колегата Неждет Мустафа, со кој закон се продолжува рокот на пријавување, од 30 на 60 дена, а рокот за стекнување повторно на правото на паричен надоместок и на правото на здравствено осигурување се скратува од 2 на 1 година. Тоа е во интерес на сите невработени лица кои од различни причини ќе го пропуштат, во актуелниот закон, утврдениот рок од 30 дена. Сметам дека тој рок е прекраток.

И уште една поголема причина поради која пратеничката група на ВМРО Народна прартија ќе го подржи овој закон е тоа што се направи обид во изминатиот прериод преку бришењето на невработените лица од евиденцијата во Заводот за вработување, бројот на вкупно невработените лица во Република Македонија да се намали и да се прикажува дека во Република Македонија се стекнале поволни општествено-економски услови

за намалување на вработеноста, во владеењето на актуелната власт. Сметам дека тоа е обид да се манипулира јавноста, да се обмани јавноста и на овој начин со подршка на овој закон на колегата Неждет Мустафа, сметам дека таа појава на лажно прикажување на состојбата на бројот на невработените лица во Република Македонија, ќе се анулира таа можност и на луѓето ќе им стане јасно конечно колку е вистинскиот број на невработени лица во Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникиот Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе, колеги пратеници. Сакам да кажам неколку збора во врска со предлогот за измени на законот за вработување и осигурување, во случај на невработеност.

Ние минатата година донесовме измени на овој закон и тогаш многу дебатиравме за новите услови кои се воведоа за осигурување на невработените лица, во случај на губење на нивното работно место. Што се случи тогаш? Се скратија сите рокови, се подигна границата на оние кои имаа право, да речеме, до пензионирање да го добиваат надоместокот и ред други измени кои беа многу по неповолни за лицата кои останувaa без работа.

Сега, предлогот на колегата Неждет Мустафа го гледам како обид, барем да се ублажат дел од тие неповолни решенија кои беа донесени во 2005 година, со последните измени на законот. Јас тогаш бев против таквите решенија, бидејќи мислев дека ќе бидат директен атак кон лицата кои остануваат без работа. Овој предлог ќе го подржам, ќе се изјаснам позитивно затоа што мислам дека со зголемување на рокот во кој тие треба да се пријават пред Агенцијата, од 30 на 50 дена, јас тука не сум сигурна дали колегата можеби не требало да оди само со измена на 60 дена, како што е во случај кога добиваат само здравствено осигурување. Значи, овие кои добиваат и здравствено осигурување и паричен надоместок во рок од 60 дена, да се пријават пред агенцијата, бидејќи рокот од 30 дена изминатата година се покажа како многу неповолен, бидејќи голем број на гаѓани не успеваат, јас не сум правела статистика за да знам од кои причини не се пријавуваат во овој рок, поголем број од граѓаните. Меѓутоа факт е дека голем број од граѓаните кои примаат паричен надоместок по основ на невработување, го губат тоа право затоа што доцнат, од оправдани, или од неоправдани причини и го пропуштаат рокот од 30 дена. Дали е посреди неиформираност, дали е посреди нетранспарентноста на Агенцијата во работењето, јас навистина не можам да кажам, меѓутоа крајниот резултат е дека имаме масовно бришење од евиденцијата и губење на надоместкот и здравствената заштита на овие граѓани, во Агенцијата за вработување. Со тоа имаме една вештачка ситуација каде ни се покажува пад на бројот на невработените. Токму од овде произлегува тој пад на евидентираните невработени лица, а секако дека најтешко им паѓа на граѓаните односно на оваа категорија на лица, кога ќе го изгубат и оној минимум надоместк што го добиваат за да можат барем минимум егзистенција да обезбедат.

Бидејќи се дебатира за ова, јас му порачувам на претставникот на Министерството за труд и социјална политика да ги изанализира овие состојби и да размисли за повторни измени на законот. Еве ова нека биде еден повод со предлагање на овој рок за пријавување, 60 дена и скратување на рокот за повторно пријавување, од 2 на 1 година. Јас верувам дека со тоа ќе имаме позитивен тренд кај оваа категорија граѓани, а Министерството во меѓувреме да размисли и за враќање на границата од 55 години за лицата кои до пензионирање ќе добиваат таков надоместок, бидејќи 57 години е навистина висока граница. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Пред да и дадам збор на госпоѓа Лилјана Поповска, едно недоразбирање можеби имаме, или имаме друг текст кај нас. Зборувате дека има измена и во рокот за пријавување, продолжување од 30 на 60 дена. Во текстот на законот што овде го имаме, тоа го нема.

**Ристана Лалчевска:** Едно по друго.

**Слободан Најдовски:** Тогаш законот е нејасен. Измените кои се дадени од изворот на законот, затоа овде се колсутирав со службата, изводот од измените на законот не се согласува со овој предлог, оној што го дискутираат. Тоа во законот се однесува, наместо две години, да биде една година, а не за рокот за продолжување. Реков да не имаме погрешен закон овде ние.

Продолжуваме со расправа.

Господине заменик ќе добиете збор кога ќе дојдете на ред. Сега не сте претставник на предлагачот. Ќе добеите збор кога ќе дојдете на ред. После излагањето на госпоѓа Бонева.

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска.

Повелете госпоѓа Поповска.

**Љиљана Поповска:** Благодарам господине потпредседателе, почитувани пратеници.

Јас сакам да го подржам предлогот за изменување на овој закон и сметам дека со овој предлог барем ќе се намали штетата од овој закон што мислам дека е многу погрешен и многу лош.

Против овој закон јас се изјаснив во моментот на неговото донесување и во таа прилика посебно она што ме иритираше беше тоа што со овој закон илјадници наши сограѓани се оставија без никакво покритие, финансиско, до исполнување на одредена старосна возраст. На мојата реакција дека на таков начин луѓето ги правиме социјални случаи, од страна на тогашниот министер за

економија ни беше кажано дека со ова се прави добро на тие луѓе затоа што нема да се дозволи да се залежат. На тој начин ќе бидат стимулирани повеќе и побрзо да си бараат работа. Мислам дека тоа беше прилично циничне одговор кој ништо не им помогна на луѓето, ниту пак може да ни помогне нам да ги разбереме мотивите на овој закон кој, иронично кажано, звучи закон за вработување и осигурување во случај на невработеност. Сметам дека овој закон, вака како што е, предлог за изменување на законот, треба да се донесе затоа што ќе се намалат штетите од целокупниот закон, а во иднина сугерирам да се изменат и други членови од законот, со кој ќе се надмине старосната граница каде одредена група на граѓани останвуаа непокриени со финансиски средства. Верувам на таков начин ќе се намали страдањето на илјадиници луѓе кои спаѓаат во онаа категорија на стечајци или технолошки вишоци или некои недефинирани категории кои се наоѓаат во поодминати години, а без можност за работа. Мислам дека секогаш треба да имаме на ум една работа, и кога мислиме дека штедиме во името на државата, дека нашиот пазар на труд е таков кој тешко ги апсорбира и маладите луѓе со висока едукација, а камо ли оние кои се во поодмината возрас и без некоја специфична едукација. Така што во наши услови овој закон придонесе многу луѓе да се најдат без работа. Значи, останувам на тоа, подршка на законот и сугестија, да се сменат и другите членови на законот. Инаку може ние како колеги пратеници од пратеничката група на ДОМ, да го направиме тоа. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Поповска.

Јас се извинувам уште еднаш до предлагачот, затоа што еве и госпоѓа Поповска дискутира за закон. Можеби на некого му се измешаа законите. Имавме еден закон со ист ваков наслов, предложен од дел од пратениците на пратеничката група ВМРО Народна партија. Тој закон е за старосната граница за 25 години. Овој закон не ја третира старосната граница, второ не го третира продолжувањето од 30 на 60 дена. Овој закон го третира само тоа, наместо две да се намали на една година времето за непријавување. Никакви права не скратува законот, единствено само тоа ако некој не си ги пријавил на време, на место да чека две години за здравствено осигурување ќе чека една година. Тоа е законот што ние го имаме овде. Затоа јас прашував цело време. Ние го имаме овој закон овде, а другиот закон е од ВМРО Народна партија што сега не е ставен на дневен ред. Тоа само да не се помешаат овие два закони.

Продолжуваме понатаму со работа.

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпратседателе.

Сосема на кратко да го искажам ставот на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ по однос на предложениот закон за измени на законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Досегашното искуство од примената на законските одредби од постојниот закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, ни покажаа дека токму овие одредби кои се однесуваат на личното јавување во Заводот на секој 30 дена од страна на невработените за да докажат дека активно бараат работа во последниот месец, беше основ и нивното задоцнување, макар од еден или два дена и не можнста тоа да го опавдаат со болнички резултати и упати дека биле болни па не можеле да дојдат во тој законски рок или од други оправдани причини, тоа беше основ да се бришаат од евиденцијата и две години да немаат право да се пријавуваат во Заводот.

На тој начин оваа Влада остави убава можност секојдневно да се фали како се намалува бројот на невработените во државата, а се намалуваше со бришење од евиденцијата на огромен број на невработени, губење на нивните права, дали по основ на надоместок кој што го примаа, или пак губењето на правото на здравствени картони.

Законот кој што го предлага колегата не го сфаќам како закон кој што ќе ја исправи неправдата на бришење на граѓани во Република Македонија, граѓани кои што се бришат по етничка основа, бидејќи сите граѓани кои што не можеа да се пријават во рок од 30 дена и не можеа да докажат дека оправдано не можеле да се пријават во тој рок сите до еден беа бришани. Токму од тие причини сметам дека Законот треба да се прифати, но, треба да има и од старна на предлагачот, од колегата Мустафа, едно појаснување во Законот, наместо"едно по друго јавување" да се прецизира законскиот рок кој што ќе биде јасен, недвосмислен, да биде кажано 60 дена, како што треба да биде. Се друго е прифатливо, значи повторно оние кој што ќе се избришат и по тој рок да можат повторно да се пријават во Агенцијата. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Има збор пратеникот Ристана Лалчевска.

Повелете госпоѓо Лалчевска:

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине потпретседателе.

Јас навистина немав намера да се јавувам по втор пат, меѓутоа, по вашиот коментар за неразбирање на Законот не смее да остане отворено прашање, мора да расчистиме. Совршено добро го разбрав Законот на колегата Неждет Мустафа кој предлага измени на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. Колегата Мустафа предлага во членот 56 да се измени ставот 2 и наместо досегашното решение кое вели дека во рок од 30

дена невработеното лице мора да се јави пред агенцијата, сега колегата предлага тоа да биде едно по друго. Значи, два пати по 30 дена, за што јас кажав 60 дена. Незнам колку е среќна одбрана ваквата формулација, меѓутоа во суштина е тоа два пати едно по друго, значи два пати по 30 дена. Значи, да се продолжи рокот во кој што невработеното лице ќе се пријави во Агенцијата за да не го изгуби правото на паричен надоместок и правото на здравствено осигурување.

Изминатата година покажа ека граѓаните многу често го пропуштаат овој рок. Јас не знам зошто, меѓутоа фактички е дека овој рок е пропуштен и тие го губат правото на паричен надоместок. Тоа е едната работа.

Другата измена која се предлага, ако го изгубиле таквото право, тогаш во досегашото решение тие можат да побараат повторно да се пријават после две години. Сега колегата Мустафа предлага тоа да биде по истекот на една година. Значи и тој рок да се скрати.

Јас многу јасно го разбрав законот и кажав дека ова е обид на колегата, кој јас го поддржувам да се анулираат решенијата од последните измени на овој закон кои беа донесени 2005 година и кои предизвикаа масовно бришење од евиденцијата на невработени на многу наши граѓани и вештачки прикажана бројка на намалување на невработеноста. Тоа е едниот аспект.

Другиот аспект е тоа што многу од граѓаните го загубија паричниот надоместок кој го добиваа кога останувaа без работа. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска на познавањето.

Има збор пратеникот Лилјана Поповска.

Повелете госпоѓо Поповска.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпртседателе,

Јас да ве утешам дека не ми се измешало ништо во главата, го разбрав законот сосема добро и знам за кој закон се работи. Нема а го прераскажувам, колешката веќе го дообјасни, но само да појаснам дека во овој закон имаше одредби затоа што многу добро го помнам овој закон, бидејќи дискутирав за него многу подолго кога се дискутираше и во него има одредби со кои што се укинуваше паричниот надомест на многу наши граѓани кои што беа без работа. Значи, јас токму за тоа дискутирам да се поправи во некоја средна верзија и друга одредба со која што ќе се надмине тој огромен недостаток. Инаку, знам дека има предлог на закон со кој што ќе се решава статусот исклучиво на стечајците над 25 години и кога тој ќе дојде на дневен ред се разбира дека јас ќе го поддржам, меѓутоа во случајов знам за што се работи. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Јас сепак сеуште останувам на убедувањето и госпоѓа Лалчевска го потврди моето тврдење дека и таа самата рече дали е најдобро избрана формулацијата, јас сепак се држам на тоа дека зборувавме, толкувавме различни закони. Но, за тоа секој си има право.

Има збор, пратеникот Мустафа Неждет.

Повелете господине Мустафа.

**Неждет Мустафа:** Благодарам.

Мислам дека не е потребно да се дава една погрешна димензија на овој предложен закон и не треба да се оптегне тежината на смислата на овој закон. Тежината е да им се помогне на тие роми кои ја имаат само таа социјална издршка и ги имаат само тие толерирани услови од државата. Доколку ние сега неодговорно се однесуваме спрема овој Предлог на закон и доколку навистина не ја сфќаме суштинската потреба на овој народ, на ромската заедница во Република Македонија со овој Предлог мислам дека дефинитивно сме се одлучиле да ја осакатиме најранливата група во Република Македонија.

Доколку некој смета од службите на кои што така несериозно се однесуваат со ромската заедница, доколку го среќаваат на продажба на железо, деновиве идам по градовите каде што се жалат ромите, собирачи на железо, собирачи на хартија, собирачи на прљава работа и на таа основа тие дури се решаваат да им го земат она што им е гарантирано од државата.

Јас повторно сакам да и заблагодарам на опозицијата која што се среќава со потребата на ромската заедница. Во огромно исчекување сум да се помогне токму на најранливата заедницас во Република Македонија со овој предлог. Од тие причини сметам дека пратениците ќе бидат стабилни во својата одлука и нема да даваат посебни толкувања на овој мој предлог. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** За реплика се јави госпоѓата Ристана Лалчевска.

Повелете три минути за реплика госпоѓа Лалчевска.

Госпоѓата Силвана Бонева бара збор за реплика.

Повелете три минути за реплика за пратеникот Силвана Бонева.

Повелете три минути госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега Мустафа не знам врз основа на кои параметри, врз основа на кои статистики и анализи вие овде не убедувате дека законот има негативни последици само врз ромската заедница.

Нашата поддршка како опозициона партија е од причини што цениме дека сите граѓани на Република Македонија беа оштетени од ваквата одредба бидејќи се бришеа сите граѓани на Република Македонија без исклучок и не по етничка основа. Ве молам, ве молам, доколку сакате да разговараме врз основа на тие принципи и во тој правец тогаш ја имате целосно нашата поддршка. Инаку, не можам да премолчам кова вие зборувате дека овој закон правел дискриминација само на ромите, што воопшто не е точно. Јас од лично искуство знам, бидејќи

имаме неколку членови од семејството кои што беа избришани од евиденција, а не се роми. Значи, има илјадници граѓани во Република Македонија кои што се избришани од евиденцијата. Значи, ако аргументирано зборуваме пред Собранието и предлагаме закони тогаш треба да тргнуваме од сериозни анализи и да докажеме дека навистина некоја етничка заедница е маргинализирана со одреден закон, а не паушално да даваме оценки дека некој закон направил некоја етничка заедница да биде маргинализирана односно да биде тргната на страна и дискриминирана со еден закон.

Овој закон не беше добар, за сите граѓани во Република Македонија кои што беа невработени и кои што задоцнуваа врз основа на разни причини, не можеа да докажат дека имаат оправдани прижини, зошто задоцниле и заради тоа беа бришани од евиденцијата. Значи, тоа е основната причина од наша страна да биде поддржан овој закон. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Една минута за контра реплика има господинот Мустафа Неждет.

Господине Мустафа, како реплика или контрареплилка со оглед на тоа дека сте предлагач.

(Како реплика)

Значи како контрареплика.

Повелете, само во позитивна насока.

**Неждет Мустафа:** Благодарам на сугестиите. Јас и во воведниот дел за кој што пратениците немале трпение, а веројатно и вие не ме следевте, но сепак веруваме на вашата поддршка, реков дека овој Предлог на закон е од општ интерес на граѓаните на Република Македонија кои што се на удар на овој зазкон. Но потенцирам повторно дека како најранлива цел на група во однос на овој закон е ромската заедница и како преставник, како пратеник на ромската заедница се повикувам на некој начин да ги одбранам од членот кој што им го одзема правото. Инаку, потполно се согласувам мсо вашите сугестии. Благодаам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Три минути за реплика за патеникот Ристана Лалчевска.

Повелете госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине потпретседател.

Веќе госпоѓата Бонева ја апсолвира мојата реплика, а јас се јавив токму за да расчистиме дека ова е закон кој што се однесува на лица кои останале без работа. Значи, за осигурување во случај на невработеност, а невработеноста кај нас е екстремно висока. Тука се засегнати сите граѓани од сите заедници. Затоа не е коректно да се повикуваме на една заедница. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам има збор заменик министерот за труд и социјална политика, господинот Самка Ибраимовски.

Повелете господине Ибраимовски.

**Самка Ибраимовски:** Благодарам господине претседателе.

Јас се јавувам само за едно појаснување во кое мора да укажам дека казната не е 24 месеци. И во сегашниот закон казната е една година, така да ќе остане една година. Мислам дека за ова треба да знаете дека и сега постојниот закон е една година. Имаше предлог да биде шест месеци меѓутоа сепак остана една година.

Од тие причини сакам уште еднаш да објаснам дека овој проблем е евидентен и во Министерството со тоа што нонстоп имаме поплаќи од страна на граѓаните, меѓутоа, предлогот на господинот пратеник Неждет Мустафа е од прижини доколку не се јават едно по друго тогаш да се избришат од евиденција. Тоа беше предлогот, меѓутоа, експертите во Министерството дадоа мислење кое што сите пратеници го имате тука и вие треба да се произнесете за тоа мислење. Ние како Министерство за труд и социјална политика ќе го почитуваме тоа мислење. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ибраимовски.

Со оглед на тоа дека нема други пријавени за збор, јас сакам само накратко да го изнесам своето мислење по овој закон.

(Потпретседателот излегува на говорница).

Неколку пати интервенирав дека нејасно се интгерпретира законот, секој на свој начин, па и јас на свој начин ќе го интерпретирам овој закон. Се стекна впечаток дека некои права кои што се ускратени на невработените лица, ако се донесе овој закон "бог знае што ќе му се помогне". Со овој закон јас нема да застапувам припадници само на една етничка заедница туку на било кои граѓани на Република Македонија.

Овој закон ако го усвоиме ќе си ја признаеме нашата алкавост како граѓани. Односно не гледам ништо што им се скрати во Министерството на некој, апсолутно ни од надоместоци, ни од ништо, туку само што бара од него навремено да си ја извршува својата обврска, да се пријавува во Агенцијата за вработување.

Со ова само ние ќе можеме некој што не одел секој месец таму да се пријавува, сега ако не се пријавел два пати едно по друго, што значи наместо еднаш два пати. Ние да се боревме за други социјални права во ред, да прифатам дискутираме, но ние сега дискутираме за нашата алкавост која што си ја имаме, да ја покриеме со тоа што ќе донесеме закон, не мора да одиш секој месец, ќе одиш на два месеци за да не те избришеме од евиденција. Од тие причини, заради тоа што со овој закон не донесуваме апсолутно ништо во социјалната заштита и од тие причини, јас сакам да кажам дека лично нема да го поддржам. Не од нешто друго, туку со Законот не се зголемуваат никакви социјални права. Напротив, ние како пратеници треба да бараме

уште повеќе секој граѓанин да си ја исполнува обврската. На крајот на краиштата некој можеби цела година нема да се пријави а ние ќе го водиме како невработен. Напротив, оние кои што навистина се пријавуваат, оние кои што навистина имаат потреба и од социјалната заштита и од здравствената заштита, нив треба да ги помогнеме а оној кој што не сака да се пријави цела година тогаш нема што ние да му помагаме. Благодарам.

(Потпретседателот од говорница се враќа на своето претседавачко место).

Реплика госпоѓо Лалчевска?

Повелете три минути за пратеникот Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Потпретседателе, јас навистина сум разочарана од вашата квалификација, за луѓето кои останале невработени и кои навистина се во една независна положба, да ги наречете дека се алкави и за тоа не доаѓаат на секои 30 дена да се пријават во Агенцијата.

Мислам дека треба да разбереме дека луѓето кои што се без работа не се воопшто алкави, туку се разочарани. Затоа што ако вие немате егзистенција, за вас сите денови се црни и мислам дека многу тешко броите дали поминале 30, и затоа најчесто мислам дека тие го пропуштаат рокот. Плус на тоа многу од нив живеат поодалечено од местото каде што се наоѓа Агенцијата и за нив секое доаѓање до Агенцијата да се пријават претставува трошок. За тоа често пати и не идат во Агенцијата да се пријавуваат бидејќи немаат и некое среќно искуство со Агенцијата при нивното повторно вработување.

Значи, во основа се нивната разочараност што останале без егзистенција, дополнителен трошок да дојдат секој месец и да се пријават во Агенцијата и плус на сето тоа нивната безперспективност дека било како ќе најдат работа во таа Агенција. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Лалчевска, еве за време на мојата минута ќе се обидам да се задржам само 10 секунди, вие навлеговте во некое психоаналитичко согледување на мојата дискусија. Тоа што вие го реплициравте јас воопшто не го зборував. Но, за жал не се слушаме.

Продолжуваме понатаму со работа.

Има збор пратеникот Мустафа Неждет.

Повелете господине Мустафа.

**Неждет Мустафа:** Навистина господине потпретседателе не би сакал да должиме со нешто на кое што е многу јасна пораката и не би сакал да ви оставам впечаток дека сум несериозен патеник со мојот несериозен предлог. Би сакал навистина, она што го рече колешката, да погледнете малку настрана, кон тие сиромашни. Мојата мотивација за овој предлог бил од огромно значење и од огромна потреба - да се казнат сиромашни луѓе со две години само заради тоа што закаснил еден месец мислам дека не е грев на тие сиромашни луѓе, туку е греф, во однос на нашата држава што така несериозно се однесува спрема такви луѓе со аргументите што ги изнесе колешката. Затоа не би сакал дас ви говорам емотивно, туку сакам само да ви споменам дека овој предлог е од огромна потреба. Ние денеска кога би го прифатиле би направиле среќни граѓани еден голем, голем процент во Република Македонија. Од тие причини сакам навистина сериозно да се гледа на напредокот, а не дека тие се алкави. Да се седне со 1500 денари и 30-тина дена и да го заборавиш денот, кога едвај ги очекуваш тие средства и покрај тоа да бидеш казнет со две години мислам дека тоа е многу полошо од било која казна во нашето општество.

Затоа ве молам, со огромно разбирање кон овој предлог. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете една минута за контрареплика.

**Слободан Најдовски:** Господине Мустафа, воопшто не сме се разбрале. Кој им ги укинува тие 1500 денари. Немојте да зборувате и вие и другите пратеници нешто што не е предвидено во овој закон.

Вие кажувате како државата да им ги укинува, но напротив државата само бара за да му ги дозволи тие средства на тие што им следуваат да си ја вршат својата задача, да се пријават во Агенцијата за вработување и ништо повеќе.

Затоа, јас и се вмешувам да дискутирам.

Овде се стекна впечаток и затоа се вклучив во дискусија, дека некој во државата му ги укинал тие права. Не се укинати правата, туку некој што не си ја исполнил задачата не успеал да ги стекне тие права. Тоа сакав да го разјасниме за да не се добие впечаток дека се укинати правата. Напротив, тоа се стекнати права, само некој не се пријавил на време за да ги искористува тие права.

**Љупчо Јордановски:** Вие сте овде гостин (му се обраќа на заменик министерот Самка Ибраимовски), но бидејќи сте се јавиле за збор пред госпоѓа Поповска, повелете, имате збор.

Има збор заменик министерот за труд и социјална политика Самка Ибраимовски.

**Самка Ибраимовски:** Се јавувам пак за појаснување и бидејќи господинот Најдовски имаше реплика да ја разјасниме таа состојба. Вака се работи. Со бришењето од евиденција во Агенцијата за вработување, по автоматизам го губи правото на здравствено осигурување и правото на паричен надоместок, односно на социјална помош. Со бришењето од евиденцијата, сакам само да укажам дека со бришењето од евиденција го губи право на паричен надоместок, на социјална помош и губењето на здравствената заштита.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Поповска, имате збор, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине претседател.

Морам заради сите нас овде присутни да разјасниме некои работи, затоа што се прави обид да се направи една вербална манипулација. Се зборува дека никому не му се укинати никакви право со овој закон, додека неколкумина од нас упорно се обидуваат да објасниме за што всушност се работи. Имено, што е ако не е укинување на некакви права ако по еден месец непојавување, ти не се појавиш да се евидентираш, тебе некој ти ги укинува правата, ти го укинува правото да те води како невработен и да добиваш евентуално одреден надоместок. Значи, тоа е укинување на некои права и колегата Неждет Мустафа го предлага овој закон, имено затоа што проценил, а еве и ние кои го поддржуваме проценуваме исто дека тоа не е праведен начин, дека тој рок не е логичен рок со едно непријавување од еден месец да ти се укине правото за соодветен третман во Заводот за вработување. Значи да не си играме игрaчки, да не манипулираме со јавноста и со сите нас овде присутни. Имено, се работи за укинување на право и со овој закон ќе се намали можноста за укинување на тоа право и ќе се даде можност да се прошири рокот за пријавување. Тоа е сосема едноставно и не знам како може некој толку упорно да не прави сите овде неписмени.

Од друга страна, кога зборуваме дека со овој закон кој што во основа е измена и дополна на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, и кога се повикував јас на овој закон, колешката Лалчевска и други, тој закон во основа значеше и значи укинување на правата на паричен надомест на огромна група граѓани до добивање одредена старосна возраст. Во меѓувреме тие остануваат непокриени. Значи, работата беше дека огромен број на луѓе над 50 години токму со овој закон го изгубија правото на паричен надоместок со образложение дека тоа е правено со стимулативни цели за да ги стимулираме луѓето да си бараат повеќе работа, да не во меѓувреме се залежеле. Да не се правиме наивни, значи сите го помниме законот, а ова беше скандалозен закон за кој многу се дебатираше и во Собранието и во јавноста и во оваа прилика јас само потсетив за тој закон и замолив и сугерирав во иднина и други членовви од овој закон да се сменат. Ако тоа не го направат претставници од Владата, тогаш и ние како пратеници на ДОМ сме спремни тоа да го сториме. Тоа беше дискусијата и затоа да не одиме со вербални манипулации, сите сме овде интелигентни луѓе, да не се навредуваме, да не си ја навредуваме интелигенцијата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Јасно, без коментар.

Три минути реплика за госпоѓа Пеева.

**Ангелка Пеева-Лауренчиќ:** Токму во тој правец госпоѓо Поповска да не си ја навредуваме интелигенцијата...

(Реакција на пратеникот Лилјана Поповска дека "надвор од деловникот е ова").

Вие не кажавте дека е реплика.

**Љупчо Јордановски:** Не, госпоѓо Поповска, реплика не можете да му направите на господинот Самка.

(Реакција на пратеникот Лилјана Поповска).

Госпоѓо Поповска, ќе ги извадиме стенограмите, ќе видите. Ви реков имате збор госпоѓо Поповска, вие не изреагиравте дека тоа е реплика.

(Реакција од пратеникот Поповска)

Ве молам госпоѓо Поповска, јас дојдов пред пет минути, не знам што се случувало пред тоа. Јас ви реков госпоѓо Поповска имате збор, вие го земавте зборот, не рековте господине претседателе или почитуван претседателе ова е реплика, не е збор. Според тоа, продолживте да зборувате и јас го констатирав тоа како збор.

Повелете, имате реплика од три минути.

**Ангелка Пеева Лауренчиќ:** Бидејќи госпоѓа Поповска толку се плаши од мојата реплика, јас нема да и реплицирам, да и направам да верува во тоа што го зборуваше што апсолутно не е точно.

**Љупчо Јордановски:** Сега имате контра реплика госпоѓо Поповска, бидејќи сте пријавени.

(Реакција на пратеникот Лилјана Поповска со зборовите "не сум пријавена").

За што сте се пријавеле тогаш? За збор?

(Реакција на пратеникот со истите зборови "не сум пријавена").

Повелете господине Јанаќе, имате три минути реплика.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам претседателе.

Ќе бидам многу краток. Госпоѓа Лилјана многу се грижи за сите луѓе што се вработени, така се грижеше и за лицата со посебни потреби и тоа само пред камерите, а кога беше расправата за Законот за лицата со посебни потреби си излезе и не гласаше. Овде само продаваме демагогија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** За реплика се јави господинот Слободан Најдовски.

Повелете господине Најдовски, три минути.

**Слободан Најдовски:** Прво да појасниме за јавноста. Имам право на реплика затоа што кога дискутирав една минута имав контра реплика на господинот Неждет Мустафа, така што никој не можеше мене да ми се јави за реплика. Сепак, само за да појаснам се јавив за реплика. Се извинувам, мојот вокабулар...

**Љупчо Јордановски:** Тоа го апсолвиравме, јас прашав дали се јавува за збор - за збор.

**Слободан Најдовски:** Во право сте потполно претседателе, но јас се јавив и со жалење

констатирам дека се употребуваат такви зборови во Собранието. Не е мој вокабулар за некого да речам "неписмени", она што го употреби госпоѓата Поповска, но сега за жал констатирав дека не го прочитала законот и започна да дискутира за сосема друго на почетокот, но од дисиусија во дискусија, изгледа на крајот ќе разбере за што се зборува. Овде пишува:"Само за непријавување од неоправдани причини". Никој никому не му ускратува право ако од оправдани причини не се пријавил. Нека го прочитаат законот па ќе видат. За жал, повеќе и да објаснувам на некои не им вреди објаснувањето. Толку имам да кажам, благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута госпоѓо Поповска.

**Лилјана Поповска:** Се јавувам за дискусија, простете.

**Љупчо Јордановски:** Се јавувате за дискусија, повелете, имате збор.

**Лилјана Поповска:** Сакам да повторам дека јас никому не реков дека е неписмен, јас реков никој да не не прави нас овде неписмени, затоа што сите сме писмени и да не ја вреѓа нашата интелегенција. Значи јас не употребив навредлив збор, морам тоа да го појаснам.

Уште еднаш да кажам дека ова се два члена, два члена кои сме ги прочитале и точно е дека во тие два члена се работи за едно прашање, за рокот за пријавување. Меѓутоа, ова е Предлог за измена и дополна на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. Целиот закон е многу долг и многу широк, па во тој контекст кога веќе се работи за измена и дополна на еден негов сегмент, зборував и за друг сегмент во кој се укинуваат правата на надомест над одредена возраст за одредена група граѓани. Еве, тоа е уште едно дообјаснување. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика за госпоѓа Лауренчиќ.

**Ангелка Пеева - Лауренчиќ:** Апсолутно протестирам на вокабуларот дека се укинуваат нечии права. Значи не се укинува ничие право, туку се бара уредно евидентирање на секој поединец и тоа е законска обврска и должнст. Имаме разграничување кога тоа е од оправдани причини и кога тоа не е од оправдани причини. Вербалната манипулација што се прави кон јавноста е дека се укинуваат права на граѓаните, што апсолутно не е точно и би замолила понатаму тој дел од дискусиите дека се укинуваат права на граѓаните да бидат исклучени. Повторно ќе реплицирам ако тоа биде споменато.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мустафа, имате збор.

**Неждет Мустафа:** Како предлагач неблагодарно би било да не застанам до крај зад одбраната на овој мој предлог и уште еднаш искажувам благодарност кон сите оние што учествувале во оваа расправа. На почетокот иако беше еден несериозен однос кон мојот предлог, но еве, задоволен сум што сепак на крајот стана доста дебатен и актуелен.

Мојата желба би била до крај да се поддржи мојот предлог, без да навлегуваме во лични анализи и лични сугестии. Уште еднаш да кажам, сметам дека предлогот е од огромен интерес на граѓаните кои ми вршеа притисок да го предложам па во тој поглед би сакал да ја имам поддршката во однос на мојот предлог.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Пред тоа, ги молам пратениците да влезат во салата за да обезбедиме кворум,

Молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Во салата влегуваат пратеници).

Сега во салата се присутни 65 пратеници.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработениост.
Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници, гласале 57 пратеници, 17 пратеници гласале за, 1 воздржано и 39 против.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

**Преминуваме на 13-та точка - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за Владата на Република Македонија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за Владата на Република Македонија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 60 пратеника гласале, 2 воздржано, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 60 пратеника гласале за, 2 воздржано и нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници, гласале 60 пратеници, 57 пратеници гласале за, 2 воздржано и 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за Владата на Република Македонија.

Госпоѓо Грковска, повелете процедурално или деловнички.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Согласно членот 74 став 2 од Деловникот на Собранието, барам да се изврши измена во редоследот на дневниот ред и претресот по точката 18 Предлог на закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија да се изврши веднаш после оваа точка, значи сега, со оглед на тоа што ова е еден од законите со кој се врши синхронизација со европското законодавство, а за тоа имам поддршка од десет пратеника.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот точката 18 сега да ја разгледуваме го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници во салата, гласале 52 пратеника, 50 пратеници гласале за, 1 воздржано и 1 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**Минуваме на 18-та точка - Предлог на закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 5 став 7; член 8 став 8; член 17 став 2 за менување на втората реченица и на став 3; на насловот на член 42; член 42 ставови 2 и 3; член 45 став 2; член 47 став 1; член 48 за менување на став 2; член 55 став 5 и на член 60 став 1 во првата реченица по кои Владата не се произнела.

Пратениците Илија Србиновски и Ѓорѓе Паљошковски поднесоа амандмани на член 6 за бришење на став 1; член 11 за менување на став 1 и на член 32 став 2 во втората реченица, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 7, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министерот, повелете.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам претседателе.

Овој амандман Владата го прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за бришење на став 1, поднесен од пратениците Илија Србиновски и Ѓорѓе Паљошковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Џамбазовски, повелете.

**Санде Џамбазовски:** Овој амандман Владата не го прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот, освен заменик на министерот ако сака нешто да каже.

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници, гласале 47 пратеници, 2 за, нема воздржани и 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 8, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот, повелете.

**Санде Џамбазовски:** Владата го прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од Предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за менување на став 1, поднесен од пратениците Илија Србиновски и Ѓорѓе Паљошковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Овој амандман Владата не го прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

53 пратеници гласале, 5 за амандманот, нема воздржани, 48 против.

Службите нека го утврдат бројот, бидејќи излегоа доста пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Го поништувам гласањето, бидејќи се присутни 60 пратеника во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Сега имаме 61 пратеник, го повторувам гласањетео.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен, гласале 54, од кои 5 за, нема воздржан, 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот

Но интересно, првата бројка е двоцифрена, 101 картичка има.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 2, за менување на втората реченица и на став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

**Санде Џамбазовски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 2, во втората реченица, поднесен од пратениците Илија Србиновски и Ѓорѓе Паљошковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнење.

Има збор заменик министерот.

**Санде Џамбазовски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Молам еден пратеник да влезе .

61 присутен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

61 присутен пратеник, гласале 49 од кои 3 за, нема воздржан, 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Господине Џамбазовски сите амандмани до крај се од Законодавно-правната комисија.

Ги прифаќате?

**Санде Џамбазовски:** Да, сите ги прифаќаме.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот на насловот на член 42, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел на текстот на законот.

Амандманот на член 42 ставови 2 и 3 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 45 став 2 , поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 47 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 48 за менување на став 2 , поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 55 став 5, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 60 став 1 во првата реченица поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 пратеник, 56 гласале, 54 за, 1 воздржан, 1 против,

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија.

Се враќаме на 14-та точка.

**Минуваме на точката 14-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судскиот буџет, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Судскиот буџет.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Имаме 61 пратеник.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Судскиот буџет.

Заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен, гласале 60, сите 60 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеника, гласале 53, од кои сите 53 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 4 став 1, за менување на алинеја 4; член 7; член 9 и за менување на член 11 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 64 пратеника гласале 58, сите 58 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за судскиот буџет.

**Минуваме на точката 15-Предлог за донесување на закон за попис на земјоделството во Република Македонија, 2006 година, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за попис на земјоделството во Република Македонија, 2006 година.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни гласале 58, од кои 56 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни, гласале 56, сите 56 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 24 став 4; член 31 став 3 и на член 46 алинеја 1 и за менување на алинеја 4 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по Предлогот на законот.

Ве молам кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни, гласале 60, од кои 58 за, еден воздржан, еден против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за попис земјоделството во Република Македонија, 2006 година.

**Минуваме на точката 16-Предлог за донесување на закон за спречување судир на интереси**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за правда господинот Субхи Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, законското уредување на прашањето за "судир на интереси како општествено негативна појава не е нешто ново и непознато во Република Македонија, туку напротив во голем број закони има вградено одредби кои го уредуваат прашањето на судирот на интересите определувајќи во кои случаи носителите на јавни функции, како и други лица вработени во органите и институциите што се финансираат со средства од Буџетот на Република Македонија, односно буџетите на општините можат да се најдат во состојба на судир на интереси.

Имено, изборното законодавство,Законот за државните службеници, Царинскиот законик и други закони, во својата содржина имаат одредби кои се однесдуваат на неспоивоста на функциите што секако има влијание и може да предизвика судир на интереси, така што можноста еден вршител на јавни функции лично да го познаваат или да бидат со него во роднинска врска е многу е поверојатна и можна одошто во земјите со побројно население од неколку милиони жители.

Како што веќе споманв во повеќе закони имаме одредби за судир на интереси, но целта на

посебен закон по ова прашање е да се направи основна правна рамка.

Овој закон содржи одредби кои го дефинираат поимот што всушност претставува "судир на интереси", кога настапува, кој е тој момент кога вршителот односно носителот на јавни функции треба да се изземе односно да застане и самиот да каже еве во овој случај мојот личен интерес ако го застапувам и ако надвладее над општиот интерес, тогаш кои се последиците што ќе морам да ги поднесам ако јавниот интерес е во втор план, кои се проследиците од правен, но и од политички аспект.

Самиот закон е подготвен по концепт кој веќе е проверен во други земји кои во својот развој и градење на демократските односи е во иста или слична состојба како и Република Македонија.

Со законот е потребно да се дефинираат состојбите кои нема да бидат до краен степен ограничувачки, туку напротив да се опфатат состојби кои се конкретни и од кои недвосмислено може да произлезе состојба на судир на интереси. Но, и во тие случаи не мора да биде во прашање само личниот интерес на вршителот на функцијата, туку и личниот интерес на член на неговото семејство.

Законот дефинира што всушност претставува кога може да настапи судир на интереси. Сметам дека во определување на оваа дефиниција за состојба "судир на интереси", успеавме да го направиме тоа на најдобар можен начин, се разбира по наше мислење, што нема да не спречи да прифатиме предлози кои ќе придонесат за уште подобро формулирање на оваа дефиниција.

Во натамошниот текст на законот следниоте одредби на членовите се куси и сосема на едноставен начин определуваат термини и состојби како на пример поимот "службено лице". Се определивме дека за овој поим ќе се користи веќе утврдената дефиниција во Кривичниот законик, што како пракса се користи и во други закони.

Како што истакнав на почетокот од ова излагање, законот не смее и не треба да биде толку детален и да забранува се и сешто на службеното лице, туку напротив, како со почитување на Уставот и законите успешно да ја извршува својата должност. Затоа законот има одредби за тоа како да постапи службеното лице во случаите на постоење на судир на интереси, како да постапи ако професионално ја извршува јавната функција во однос на неговото претходно вработување, стекнување профит, назначување на управител на својот имот за време на вршење на јавната должност и сл.

Како што веќе истакнав, законот претставува еден вид кодекс за однесување на службеното лице, па во таа насока се и членовите со кои се забранува примање на подароци и забрана на вршење на други работи кои се директно неспоиви со службената должност и временското ограничување за вршење на определени работи по престанување на вршењето на должноста.

Во однос на активностите на службеното лице во граѓанскиот невладин сектор, решението што се предлага во законот е доста либерално, освен во однос на ограничување за користење на податоци со кои службеното лице располага и нивнот користење во Здружението на граѓани каде тој членува, а се со цел да се стекне со добивка за себе или за лица од неговото семејство.

Надлежноста за спроведување на законот, односно органот кој ќе биде надлежен е Државната комисија за спречување на корупцијата.

На крајот сакам да се осврнам на мерките што се предлагаат во законот, а кои имаат за цел да влијаат на службените лица, да го штитат јавниот интерес додека се наоѓаат на определена функција, а не својот личен-приватен интерес да надвладее.

За сега предлагаме две мерки и тоа опомена и јавна опомена, како јавно објавување на предлогот за разрешување од функцијата.

Законот не е обемен и претставува основа за доразработка на определени прашања во пооделни закони кои ќе ги вградат своите поспецифични односи во зависност од надлежноста на органот.

Секое ваше мислење и предлог ќе биде драгоцен во натамошното доуредување на пооделните прашања што ги тангира овој закон.

Сметавме дека зедничка желба на сите нас е да направиме квалитетен закон со кој ќе го пополниме мозаикот на македонското законодавство, а неговата успешна имплементација зависи од сите нас заедно, сите заедно да придонесеме во спречувањето на злоупотребата на службената положба, на јавниот интерес да му дадат примарно место при извршување на функцијата. Благодарам на вниманието.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Госпоѓо Лалчевска, повелете имате збор.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе, колеги пратеници, претставник на Министерството за правда.

Јас од расправата во Законодавно-правната комисија кога го гледавме овој закон до сега не го променив своето мислење, ниту пак образложението што сега претставникот на Министерството за правда го изнесе, допринесе за да го променам својот став околу овој Предлог за донесување на закон. Јас само истакнав и сега ќе потврдам дека навистина е дискутабилна потребата за донесување на овој закон. Зошто? Ќе почнам station наназад од законот, значи од преодните и завршните одредби, иако можеби тоа не е практика при разгледување на законите, меѓутоа клучното прашање можеби лежи тука.

Во преодните и завршните одредби се посочува дека се укинуваат точно 17 члена од Законот,односно ќе престанат да важат точно 17 члена од Законот за спречување на корупција. А самиот овој Предлог содржи 32 члена со се двата члена од преодни и завршни одредби. Ова јасно укажува дека судирот на интереси, со овој Предлог закон се прави обид да се регулира во посебна законска материја е во јасна и дирекна корелација со корупцијата. И според мене, моето гледање беше потребно да се изврши измени и дополнувања на Законот за спречување на корупција и проширување на неговиот наслов за спречување на корупција и судир на интереси со оглед на фактот дека истиот орган, значи Комисијата за спречување на корупцијата ќе постапува и во случаите на судир на интереси. Значи решението предложено во Предлогот оваа Комисија да постапува при судирот на интереси е потврда на мојата теза дека требаше да се оди со измена и дополнување на веќе постоечкиот Закон за поедноставна примена и попрактично постапување и олеснување на работата на Комисијата и воопшто попрактично сето тоа да биде средено во еден закон. А притоа морам да нагласам дека судирот на интереси секогаш е во корелација со корупцијата. Тоа е по однос на ...

Претседателе, ве молам да ми обезбедите минимум услови за работа.

**Љупчо Јордановски:** Ве молам потивко. А за минимумот може да дискутираме.

**Ристана Лалчевска:** Па добро, дискутабилен е минимумот.

Сега би се осврнала на некои решенија. Значи, за потребата за донесување на посебен закон вака како што е предложен, јас навистина ќе бидам воздржана, бидејки воопшто не ги расчистив дилемите и покрај појаснувањата на претставникот на Министерството, дека ни е потребен посебен закон за судир на интереси. Нема да му дадеме поголема тежина на судирот на интереси ако донесеме посебен закон со кој само поголем дел од одредбите ќе ги префрлиме од сега постоечкиот Закон во овој закон. Јас навистина би сакала да знам, а не слушнав ниту на Комисијата, ниту сега образложение, зошто се отиде на алтернатива, на решение Комисијата за спречување на корупцијата да постапува по судирот на интереси. Ако се определевме за друг орган кој чисто ќе го следи судирот на интереси и воспоставевме таков орган, тогаш ќе го разберев и донесувањето на ваков посебен закон.

По однос на предложените решенија посебно дискутабилни за мене, да речеме е членот 8. Во членот 8 во неговиот став 2 вели: службено лице во време на извршување на јавна функција не смее да врши никаква профитна дејност за лични цели. Сега треба ова да го поврземе со Законот за работни односи. Во Законот за работни односи на секој му обезбедува право да врши дополнителна дејнсот, значи надвор од неговата професија, неговата работа, а секогаш таа дејност се врши со цел да обезбедите одредени средства од таа работа. И тогаш прашав, не добив одговор, дали овој член е усогласен со Законот за работни односи?

Понатаму, членот 17: службеното лице не смее да прима пари и други предмети од поголема вредност. Воопшто не е дефинирано што и колкава е таа поголема вредност. Вака дадено, нависитна јас можеби ќе сметам дека поголема вредност е 5 илјади евра, некој можеби ќе смета дека погоелма вредност е 500 евра. Воопшто овде ќе дојдеме во недоискажаност, непрецизност на одредбата, бидејки не е прецизирано што е поголема вредност, колку тој предмет треба да надминува вредност за да се смета дека е предмет од поголема вредност. Значи, тука е потребно прецизирање на вредноста.

И пак ќе истакнам, надлежност на Државната комисија за спречување на корупција за ова. Останува отворено прашањето дали можеби не требаше, ако одиме со посебен закон да имаме друг орган кој ќе постапува при судирот на интереси. Иако, според мене морам да кажам е логично да постапува Комисијата, меѓутоа и овие одредби да бидат и судирот на интереси да биде вметнат во Законот за спречување на корупција.

И видови мерки. Во видови мерки имаме три члена од кои во главата видови мерки имаме три члена кои ги третираат мерките: опомена, во членот 26, и мерка јавно објаввување на предлогот за разрешување на функција. Понатаму, во членот 28 имаме мерка јавна опомена. Сега воопшто не е јасно, дали опомена и јавна опомена е истата мерка, дали е грешка во пишувањето, или се работи за две различни мерки, бидејќи опомена и јавна опомена не се исто. Тоа е една работа.

Друга работа, воопшто е нејасно кој е органот кој ќе ја изрече мерката. Во ставот 2 на членот 27 вели, мерката ја извршува органот, или телото во кое службеното лице ја врши должноста. А погоре, значи недефинирани и нејасни се мерките со оглед на тоа дали се работи за 2, или 3 мерки, значи опомена, јавна опомена и јавно објавување на предлог, дали се 3 мерки, или се само 2 мерки. И кој ги изрекува мерките?

Исто така, во членот 27, мене апсолутно ми е нејасно каква е таа мерка опомена која ќе му се изрече на службеното лице, ако се направи повреда според овој закон, која битно не влијае на вршење на неговата должност. Или правите повреда на законот, или не правите повреда, работите законски. Битно и небитно влијание, тоа "битно" не влијае во вршењето на неговата функција е една игра на зборови. Вие никогаш нема да знаете, дали битно сте го повределе законот, или не битно. Вие немате овде некое битие на делото, па ќе речете: до овде е битно, наваму не е битно. Значи, или правите повреда на законот, или не правите повреда. Јас не знам колку е тоа битно, која битно не влијае, колку е

таа минорна за битно да не влијае на вршењето на неговата должност.

Тоа воглавно се забелешките што ги имав, кои ги изнесов и на самата Комисија.

А поодноc на потребата, јас ќе останам и понатаму воздржана, затоа што ценам дека требаше да е друг патот за донесување, односно за она што веќе зборував како треба да го разрешиме судирот на интереси.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Субхи Јакупи, заменик минситер за правда.

**Субхи Јакупи:** Благодарам претседателе. Почитувана пратеничке, јас мислам дека и во Комисијата истите зборови ги забележавме, бидејки е прва фаза во моето излагање реков дека забелешките и предлозите ќе ги вградиме, тоа што е потребно. Јас мислам дека ќе сватиме, тоа што се рече и во Комисијата и овде и ќе ги сватиме тие како сериозни забелешки за нешто што ни е потребно ќе го вградиме, а тоа што нашата комисија што работи на овој текст во втора фаза ќе видиме за да ги вградиме тие забелешки во текстот кои што ни се потребни.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, почитуван заменик министер, како што кажавте бидејки ова е прва фаза, јас имам конкретни забелешки по текстот на законот и ќе сакам да ги изнесам истите. И покрај тоа што и кај мене стои дилемата, дали имаше потреба од донесување на ваков закон за спречување на судир на интереси, или сето ова требаше да биде вградено во Законот за спречување на коруптивните дејности. Во секој случај тука имаме Предлог на закон во прва фаза. Јас имам забелешки по 4, 5 члена. Значи, членот 6, за мене мислам не е принципиелно лицата кои со службеното лице се во роднинска поврзаност не можат да бидат во супервизорски, или контролен надзор. И тука реченицата завршува. Но, продолжува: по исклучок, доколку таа должност и претходно ја вршеле, во тој случај нема да се смета дека има судир на интереси доколку биле исполнети пропишаните критериуми во однос на стручноста и компетентноста и била испочитувана пропишаната законска процедура. Јас мислам дека и во првиот и во вториот случај, или ќе важи дека не можат да бидат супервизорски, или контролен надзор и ова второто "по исклучок", ќе го нема, или по исклучок, тогаш ќе ја нема првата реченица и без исклучок, затоа што не можеме уште во старт ние да се сомневаме дека некој суперревизорскиот, или ревизорскиот извештај ќе биде судир на интереси. Затоа што сигурно дека тој извештај после тоа следи контрола и проверка на истиот, така што секој си одговара за она што го направил. Тука ставаме две ситуации кои што мислам дека треба да ги разрешите, ова не е решение, ниту исклучокот, или пак со точката од првата реченица би завршил членот 6. Значи, исклучокот може да донесе многу неправилнсоти.

Членот 8 став 3, каде што се говори за профитна дејност согласно ставот 2, ова што го говореше мојата колешка Лалчевска, но овој член не се смета управувањето кое не служи за стекнување добивка, како што се куќа за живеење на службеното лице, куќа за одмор, земјиште и слично, водење селски имот, како и научноистражувачка, уметничка, културна и публицистичка дејност. Мислам дека тука веќе ќе имаме еден судир во однос на она што вие кажувате за профитна дејност не се смета тоа. Затоа што тука не е дефинирано што значи тоа куќа за одмор, таа куќа за одмор може да биде од 500, од 1000 квадрати и да служи за издавање од која што ќе се добиваат средства. Понатаму, водење селски имот, селски имот може да биде и еден декар, а може да биде и 100 декари, може да носи средства кои што се многу поголеми отколку било кој службеник што работи. Научноистражувачка работа исто така мислам дека е недефиниран термин. Вака е во ред. Ние се бориме за намалување на даноците, но дека е непрофитна дејност, мислам дека не можеме да се сложиме и таа непрофитна дејност ќе мора да ја каже Министерството за финансии. Значи, да се дефинираат средствата кои што остварени, или неостварени токму со овој закон ќе бидат профитна, или непрофитна дејност. Мислам дека овој став 3 треба да се доработи. Исто така се согласувам за ставот 2 со забелешката на госпоѓата Лалчевска.

Понатаму, членот 16, ставот 2, јас не знам како предвидувате, но во секој случај службено лице не смее да прима подароци и стои: или ветување за подарок. Сега како ќе примите ветување за подарок, не знам. За да ви вети денес некој, многу има што ќе ветат, а вие ова да го пренесете дека е казниво, дека некој ви ветил подарок, а од тој подарок нема ништо, мислам дека не стои и дека тука треба да се интервенира во оваа ситуација.

Членот 17 ставот 2 каде што имаме дефинирање на дејностите како што кажавме стои дека службеното лице кое што добило, или му е понуден подарок, или друга корист со извршување на службената должност должно е да ја одбие таквата понуда, да го утврди идентитетот на понудувачот, да наведе сведоци до колку е тоа можно, да поднесе во разумен рок писмен извештај за настанот до надлежното лице и дело во кое тој ја врши службената должност и да го пријави настанот кај надлежните полициски органи, како и во надлежното Јавно обвинителство, а тој подарокот не го примил. Така стои во членот 17. Што после тоа, не занм.

Членот 29, последната моја забелешка, членот 29 став 1. Јас само ќе ве потсетам за една работа и ќе се обидам да ви помогнам. Државната комисија е должна при известувањето на јавноста да обезбеди заштита на личните податоци од можни злоупотреби, а особено за податоците на

службеното лице ког аодредена ситуација не претставува судир на интереси. Сега тука имаме директно судир на интереси, затоа што одредени информации каде што стоеше само со иницијали претставено име и презиме од Министерството за внатрешни работи беа злоупотребени од јавноста и пренесени имиња и презимиња со конкретни настани, но погрешни имиња и презимиња и покрај тоа што како што кажувате овде ќе треба да се заштити личниот податок, тоа не се случило. Што после ова, не знам? Сега кој е судирот на интереси помеѓу тие личности и ова што го кажувате Државната комисија веќе ако има некои интенции дека е направено судир на интереси, таа заштита на податоци се до завршувањето на судскиот процес, мислам дека не смее да излезе. Но, еве, ние си дозволивме на веб страниците на многу министерства од таму да произлегуваат податоци и претпоставки, не податоци, претпоставки кои се злоупотребени во јавноста и после тоа имате само едно големо, извини. Дали ќе се води судски процес и некој ќе се обиде да докаже дека тоа е судир на интереси, или не е судир на интереси, мислам дека тука треба да бидеме многу внимателни, затоа што се работи за ситуација која еднаш е пуштена, веќе многу тешко тоа може да се врати назад со било какво извинување. Значи, еве, јас дадов мои предлози на овие членови, се надевам дека Министерството ќе поработи на овие членови, ќе најде некоја подобра верзија која што ќе биде прифатлива во втората фаза на овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Реплика, три минути.

**Субхи Јакупи:** Јас мислам дека забелешките од пратеникот исто така важат и како што напоменав и за госпоѓата пратеничка, дека ќе се вградат тие забелешки што навистина ќе влијаат за да имаме подобар текст во втората фаза. Само би кажал дека во членот 16, алинеја 2 во која пишува дека прима подароци, или ветување за подарок, тоа е предвидено со Кривичниот законик како кривично дело. Затоа не можеме да избегнеме од тоа да не биде и овде спомнато во овој член, освен ова со што се продолжува: пригодни подароци, како книги.

**Љупчо Јордановски:** Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да го гласаме заклучокот.

Молам службите нека го утврдат бројот.

(Службите го утврдуваат бројот).

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Пратеници влегуваат во салата).

Ги молам пратениците да седнат на своите места, а службите сега нека го утврдат бројот на присутните.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните).

Благодарам, сега сме 62 пратеници.

Заклучокот гласи:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за спречување судир на интереси.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за спречување судир на интереси, при што ќе ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

61 пратеник гласале од 63 присутни во салата, од кои 57 гласале за, 4 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 17-Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем, наменет за проектот за АД МЕПСо, кој ќе се склучи помеѓу АД МЕПСО-Пренос на електрична енергија и управувањње со електроенергетскиот систем, во државна сопственост и Меѓународната банка за обнова и развој, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Господине Мавровски, повелете имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван министре, еве, пред нас имаме Предлогот за донесување на закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем, наменет за проектот за АД МЕПСО, кој ќе се склучи помеѓу АД МЕПСО-Пренос на електрична енергија и управувањње со електроенергетскиот систем, во државна сопственост и Меѓународната банка за обнова и развој, со Предлог на закон. Е сега, ова што го имаме како материјал, како пратеници Предлогот на законот, во него, ова што ни го нуди Владата на Република Македонија се работи за заем од 20 милиони 700 илјади евра, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем, каде што Договорот за заем е во прилог на ова што значи Предлог на закон, за што, ние како пратеници треба да донесеме одлука и Владата на Република Македонија да го гарантира овој заем

за МЕПСО што треба да биде склучен со Меѓународната банка за обнова и развој.

Е сега, кај мене се поставуваат неколку дилеми и прашања што се надевам дека господинот министер ќе се обиде да ги одговори.

Првото и основно, дали е сега моментот да се донесе овој закон, затоа што секогаш, барем и претходните заеми што пред неколку месеци со Закон ги префрливме од АД ЕСМ на компаниите кои произлегоа од него, каде што беше и АД МЕПСО, префрливме доста заеми, во голема вредност. Но, и сега повторно го задолжуваме АД МЕПСО со 20 милиони и 700 илјади евра. И сега, исто и тие закони, враќајки се наназад, сите беа земени во 1994 година пред избори, 1998 година пред избори, па сега 2006 година пред избори и сето тоа доведува до еден сомнез што се чекало, ако веќе АД МЕПСО, без разлика и во рамките на ЕСМ требаше да го постигне она за што сите тука говоревме, за кое што четири години, уште во старт имавме ветување дека ЕСМ, првото што ќе го направи, тоа ќе биде далекуводот кон соседна Бугарија и дека тоа е завршена работа. Но, еве 2006 година, од 15 септември 2002 година веќе се ближат тие четири години, од тоа нема ништо. Значи, тендерот беше пред некој месец, имаше гаранции дека ќе го работат наши фирми, но тоа не се случи. Го добија странски фирми. Сега, како подизведувачи може да се најдат една-две наши фирми што ќе пробаат нешто да заработат. Затоа што и досегашните нивни квалитетни, во однос на она што значи работа во Република Македонија, се докажани и тоа го направиле.

Другото прашање, се надевам дека министерот го има како податок, тоа е задолжувањето на АД МЕПСО со сите овие претходни заеми за кои што говоревме, значи во која вредност изнесува во моментот, колкаво е тоа задолжување и што би значело понатаму во работењето на ова претпријатие, кое што единствениот приход, како што кажав, го очекува од транспорт на електричната енергија во Република Македонија и преку Република Македонија, низ Република Македонија. Тоа се средствата што АД МЕПСО понатаму ќе ги заработува.

Понатаму, што станува со нерегулираните обврски и задолженија што помеѓу себе ги имаат акционерските друштва, за кои што имаше проблеми, каде што имаме задолженија некаде во висина на овој кредит што сега го бара АД МЕПСО кон останатите субјекти и од АД ЕСМ. Тоа се ЕЛЕМ, тоа е Дистрибуција на Република Македонија или ЕСМ кое што, еве, деновиве слушнавме се продава.

Сега, во Парламентот има еден закон за кој што се надевам дека овие денови ќе говориме, се надевам дека ќе имате доблест и трпение и тоа да го слушнете и аргуметите што ќе се понудат да можеме да излеземе од целава ситуација. Се надевам успешно.

Во самиот закон, барем симптоматично е што не знам како во еден закон што ни го понудивте, после Предлогот на законот имате дадено Договор за заем и во тој Договор за заем, за жал, од некаде, колку има, 50 страници, 45 страници, имате само две страници на кои што таксативно набројувате нешто за што овие средства ќе се доделат. Тоа е и во почетокот на законот и тоа стои во прииниte поради кои што ова се прави. Тоа е проширување на трафостаницата Скопје V рехабилитација и изградба на далекуводи, надградба на постојниот систем за управување со електроенергетскиот систем и софтвер за планирање, надградба и рехабилитација на 110 KW трафостаници и институционален развој. И, сето ова на страница 29 од Договорот за заем што ни го нудите стои дека, додатокот број 1-Повлекување на средства од заемот, значи под број 1-производи, вклучително со набавка и инсталација, кажувате 19 милиони и 860 илјади евра, консултантски услуги 780.250 евра и провизија, однапред 51.750 евра. Или, вкупно 20 милиони и 700 илјади евра.

Понатаму, додатокот број 2-Опис на проектот, каде што говорите за нешто што пред малку го кажав, каде што има образложение и причини поради кои што се зема кредитот, што апсолутно не кажува ниту една бројка, ниту пак кажува нешто за кое што, како пратеници, мислам дека требаше да бидеме информирани, затоа што се работи за сума од 20 милиони и 700 илјади евра. Вака, како што го прочитав, тоа е единственото што и сите пратеници кои го виделе Договорот за заем можеа да видат и да проитаат.

Зошто го говорам ова? Повторно се спомнува фамозната трафостаница Скопје V. Па, ние зедовме еден кредит од 12,5 милиони евра преку Европската банка за обнова и развој, повторно за изградба на трафостаница Скопје V, но додека го носевме законот што сега се пролонгираат некои точки од дневниот ред и седници што требаше да бидат закажани претходно, стигнавме во ситуација сите ние, како пратеници, да бидеме поканети на отворањето на трафостаницата Скопје V, а поле два дена да донесеме Закон со кој што Закон ние го задолжуваме АД МЕПСО со тоа што кредитот се подигнува за изградба на трафостаницата Скопје V. Е сега, господо пратеници, тука не носите во една ситуација, министерот не донесе во една ситуација во која што стои 19 милиони и 860 илјади за опрема. Што тоа значи? Која е таа орпема? Дали таа опрема е моментално вградена во системот? Дали таа опрема дополнително ќе се купува?

Можеби е смешно господине министре, но за мене не е смешно, затоа шт 20 милиони евра, а вие немате тука ниту еден податок напишано што е тоа опрема што ќе се купува, дали се тоа трафостаници, дали е тоа поправка, кондензација или не знам што исправки ќе правите уште на трафостаницата Скопје V, како ќе ја проширувате? Тоа е основната информација што

после тоа еден пратеник може да побара информација од вас или од АД МЕПСО во која што ќе добиеме информација што е тоа што е предвидено со овој закон е купено, порачано, направено е тендер, по кои цени е добиено и врз основа на што вие ги предвидовте тие 19 милиони и 860 илјади евра? Мислам дека е многу едноставно и нема ништо смешно во оваа ситуација.

Смешно е ова што вие го нудите. Поправка и помош на трафостаници 110 KW и сега дајте, имаме Дистрибуција, кој дел од трафостаниците ќе се поправаат, што ќе биде нивно, што ќе биде на новиот газда, како ќе се поделат сите тие работи, што треба ние да сервисираме како држава? затоа што според мене, ако мене ме прашате овој кредит за мене е излишен, затоа што ние можеме да направиме се во однос на АД МЕПСО, но ако немаме производство, утре ќе дојдеме во ситуација да имаме најубави трафостаници, да имаме дистрибутивна мрежа што, се надеваме дека ќе биде возобновена, а да немаме електрична енергија. Ние четири години говориме дека еве ја Термоелектранаta Скопје ќе биде готова, утре ќе почне да произведува струја, но нема ништо од тоа. Зборуваме за отворање на рудникот Брод-Неотино и кажуваме после година ипол или две години дека имаме ископано милион кубни метри, мислам дека ја замајуваме јавноста, а основното што е потребно во овој момент е отворање на нов рудник во Република Македонија. Ако тоа го немаме, овие трафостаници, како што кажувате, ќе имаме нова трафостаница за Скопје V, и не знам што ќе добиеме. Ние имаме паралелен далекувод. Скопје-Битола, имаме паралелен далекувод. Што од тоа ако утре РЕК Битола не работи? Што ќе постигнеме со тој паралелен далекувод?

Тоа се основни работи што не вие, оној кој се занимава со енергетика треба да го има во предвид и приоритетите да се даваат на тој начин. Една држава што сериозно размислува за својот развој, ова е прво и основно. Вие, сега, не знам и софтвер ќе развиваме, па институционален развој, имаме луѓе кои работат, посебно во МЕПСО останаа луѓе кои имаат големо искуство, кои се стручни и можат да работат и за надворешни фирми а не ние сега тука да ги обучуваме и да кажуваме дека со ова ќе направиме, не знам кои новини што ќе не донесат напред или ќе не вратат назад. Мислам дека сполутно не е тоа што сакав да го кажам.

Значи, основното што вие треба да го кажете во овој момент е тоа , 20 милиони што ќе се купува материјал, 780 илјади консултантски услуги тоа може да се види и не мора да се види, затоа што има можност и за договор во четири очи. Тоа сигурно ќе се направи во четири очи со фирмата која што ќе донесе или нема да донесе материјали или таа ќе го работи софтверот и тоа е веќе позната ситуација од многу порано и така ќе функционира. Но, и должите на македонската јавност две работи. Значи, ова што го кажав, каде тие пари ќе се употребат, кој е приоритетот на Република Македонија во овој момент, дали е тоа производството или АД МЕПСО, затоа што вие не треба повеќе да правите разлика и ппроизводството ЕЛЕМ остана во државна сопственост. Сега, тука не може да се најде никако да се исчекориме да се отвори рудникот "Брод-Неотино", ние даваме повторно предност на сигурно снабдување на Скопје-5, што апсолутно е потребно. Јас кажав, имаме два далекуводи Скопје-Битола и ако утре немаме производство, тие далеководи се без никаков интерес понатаму. Кои се овие далекуводи кои што ќе се озобноват и за кои што вие кажувате во законот дека надградба или рехабилитација на 110 киловолтни трафостаници, кои се тие трафостаници, што кај нив ќе се рехабилитира и што ќе се надградува, па треба да имаме ситуација во која што изградба на далекуводи за намалување на загубите , подобрување на сигурноста на системот и зголемување на нивото на интерконекција со соседните системи. Тоа го кажавме, тој далекувод требаше да биде готов пред две години најмалку, ако не и пред три години и после четири години не е готов и сега со 20 милиони ќе го прависме. Па зедовме друг кредит за тој далекувод. Тука треба да кажете дали со овие далекуводи кон Албанија, дали овој далекувод кон Грција, колку сето тоа ќе кошта, ткои се тие средства. Мислам дека ова вака како што ни го понудивте како пратеници, не знам, можеби поголемиот дел од пратениците и не се заинтересирани за сето ова, затоа што стоите на тоа дека државата или Министерството за финансии, евентуалното неплаќање на ДДВ ќе си го наплати по тоа што ќе ги стопира средствата кои што доаѓаат во АД МЕПСО и за вас нема никаков проблем. Но јас ќе кажам дека проблемот е за државата, проблем е за граѓаните на Република Македонија затоа што енергетскиот сектор со ова што се случи и сега со продажбата на ЕСМ Дистрибуција, мислам дека ќе влеземе во една многу тешка ситуација која што во овој момент можеби не ја гледате. За жал, многу скоро ќе се види сето тоа и се надевам дека во текот на утрешната расправа ќе кажеме нешто повеќе, но, мислам дека вака како што ни е понуден овој закон, апсолутно е неприфатлив, не дека нема потреба, за мене приоритет е сигурно во овој момент електраните на Република Македонија и производството со тоа што веќе 4 години касниме и јас кажав, и тогаш кога почнавме со расправите 2002-2003 година, 10 години она што значи стратешки интерес на Република Македонија е се пропуштено за жал. Како ќе се одвиваат понатаму работите оставате да каже времето, а тоа е најлошата ситуација што една влада може да му го понуди на сопствениот народ. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и ги повикувам пратениците да влезат да го гласаме заклучокот.

Ги повикувам пратениците, знам дека се тука, да влезат во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата да го изгласаме овој закон, ако имаме кворум, затоа што утре продолжуваме со друга седница. Утре ќе продолжиме со 120-та седница.

(Пратеници влегуваат во салата)

Уште еден пратеник ве молам нека влезе.

Нацртани се тука некаде по канцелариите.

Молам, еден пратеник.

Благодарам. Нека седнат пратениците на своите места. Сега сме 61 присутен.

Го читам заклучокот по кој што треба да се произнесеме, а тој гласи: " Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за гаранција на Република Македонија на обврските по договорот за заем наменет за проектот за АД МЕПСО кој ќе се склучи меѓу АД МЕПСО пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост и Меѓународната банка за обнова и развој.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен, 55 гласале, 53 за, нема воздржан, двајца против.

Конастатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон?

Ве повикувам да гласаме.

61 присутен, 53 гласале, 51 за, нема воздржан, двајца против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот, ве молам, кој бара збор?

Министерот за финансии бара збор, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам. Почитувани пратеници, дозволете ми да кажам неколку збора за излагањето на господинот Мавровски кој директно ме прозиваше неколку пати да дадам некои одговори.

**Љупчо Јордановски:** Господине министре, по текстот на законот ве молам.

**Никола Поповски:** По текстот на законот е договорот, да.

Дали е времето да се донесе сега овој закон, времето е баш сега и ќе ве замолам сите вклучувајќи го и пратеникот да не се бара степен на конспирација во секое законско решение кое излегува во Собранието. Тоа приличи на некои соседни парламенти на македонскиот, за се и сешто да се бара извесен степен на конспирацација, што се крие зад тоа?

Овој закон, откако јас станав министер и другите закони со кои одиме со задолжување се единствените кои во пропратен документ ги имаат и договорите кои ќе следат да се потпишат после тоа, што не било пракса во овој Парламент до 2002 година. Се ратификувале договори со гаранција само врз основа на членовите на Законот. Сега во пропратни документи како што гледате, се и договорите кои МЕПСО ќе ги потпише со Светската банка. За да можете да се информирате. Она што е најчудно, е што сега ни тоа не е доволно. Сега и во тоа се бара скриена намера, некоја. За што ќе се потрошат парите за далекуводи? Па, јас ве упатувам, ако сакате, јас лично ќе го искористам својот авторитет во јавното претријатие да ви дадат спецификација, колку кабли, колку тони железо, колку бетонски постоља, колку други електронски уреди за да се овозможи изградба на еден далекувод, колку шајки треба да се вградат и т.н. Четири години господинот Спиро Мавровски упорно на секој закон кажува дека овој закон не треба да се донесе . .

**Љупчо Јордановски:** Господине министре, вие не реплицирате, зборувајте по текстот на законот.

**Никола Поповски:** По текстот на законот во кој се предвидува 20,7 милиони евра да се задолжи МЕПСО со гаранција од Република Македонија се искажаа зборови дека тоа не треба да се направи и јас ве уверувам дека доколку ги слушавме советите кои беа дадени овде по тој член од Законот, ние сега ЕСМ ќе го донесевме во колапс. Зашто немаше да може да инвестира ниту во ЕСМ Дистрибуција, ниту во МЕПСО, ниту во АД ЕЛЕМ, туку напротив. Мнозинството пратеници добро постапуваат цело време што ратификуваат договори, издаваат гаранции од Собранието за што тоа овозможува инвестиции во енергетскиот сектор на Република Македонија. Особено за сите претпоставки за кои што вие говорите овде 4 години, вклучувајќи ја и денешната во врска со енергетскиот систем, се паднати во вода и не функционираат. Уште од првата дискусија предвидувавте мрак, и т.н. и еве дојдовме до крајот на мандатот, работите одат напред, не се остваруваат вашите предвидувања.

Точно се познати износите за што ќе се користи заемот. Точно е позната и задолженоста на АД МЕПСО. Сега еве, ќе направиме уште еден тест во Парламентот. Бидејќи упорно инсистирате постојано и постојано да не земаме кредити зошто тоа ќе го оптовари МЕПСО до степен до кој тој нема да може да ги враќа кредитите, да ве известам, дека во овој момент, денес, господин Мавровски, долгорочните обврски по основ на заеми и кредити на МЕПСО, вклучувајќи ја и земјата и странство се 12,5 милиони евра. Она што од вас го очекувам сега е дека ќе ме уверите дека бројката е неточна и дека тоа е многу повеќе и дека заради тоа овој закон не треба да донесе. Овој закон треба да се донесе. Тој ќе го поттикне енергетскиот систем на Република Македонија врз основа на него ќе се изврши во Република Македонија проширување на трафостаницата Скопје-5 во износ од милион 980 илјади евра, ќе се рехабилитираат и изградат далекуводи во сума од 11,13 милиони , ќе се надгради постојниот систем на управување со софтвер за кој вие

кажавте дека што ќе ни е, што тоа многу ме зачуди за 390 илјади евра. Ќе се надгради исто така и ќе се рехабилитира 110 киловолтна трафостаница од 6,18 милиони евра и за развој на капацитетот на АД МЕПСО за развој и финансиски менаџмент уште 968, 25 илјади евра. Од таа ситуација со кредит кој го дава Светската банка со 5 години грејс период, тоа е во законот и нема да го повторувам, а Парламентот не треба да се откаже, па како што видовте скоро сите ваши претпоставки, не само од овој закон, туку и од минатите 4 години не функционираат. Така, не ми останува ништо друго, освен да го повикам Парламентот да го усвои законот, затоа што тој е добар за Република Македонија, а сите оние скептици кои во се бараат проблем да ги уверам дека тоа не треба да го бараат, туку треба да веруваат на добрите политики кои се водат во Владата во врска со инвестициите во енергетскиот систем и да се продолжи по тој пат.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Моја констатација е дека ова не беше по текстот на Законот, но бевте во рамките на правилото од 3 дигресии.

Господине Мавровски, повелете и за вас со три дигресии, ако веќе сакате мегдан овде, но не знам дали ќе се донесе законот.

**Спиро Мавровски:** Не се работи за мегдан, туку се работи за невистини. И, кога се говорат невистини, мислам дека треба да се расчистат работите и да се знае што е што и кој што говорел во овој Парламент, а тоа ако ве интересира јас можам да ви ги доставам и листите и да видите кој за кои кредити гласал и кој за кои кредити не гласал.

Господине министре, многу е лошо од ваша уста да се слушне тука дека МЕПСО во овој момент е задолжен 12,5 милиони евра и вие самите не верувавте во тоа, затоа што само 5 милиони евра од договорот што го префрливме за изградбата на далекуводот Штип - Червене - Могила за кој што со вас се расправавме тука, тие 5 милиони треба да ги обезбеди МЕПСО и директно да иг инвестира во изградбата на тој далекувод. Тој далекувод, господине министре, требаше да биде готов во 2003 година. Сега сме 2006 година и тоа што ви го говори господинот Мавровски многу скоро ќе се случи, но вие ќе видите, можеби ќе му се случи на некој друг и тоа е најжалното што вие не го чувствувате. Што пропуштате? Вие сте министер за финансии, па во 2002 година вие тука на оваа говорница говоревте, господине министре, за транспарентност дека парите од продажбата на ЕСМ знаете кај кои луѓе, знаете на кои сметки се наоѓаат некаде во Унгарија. Вие тоа го говоревте.

Електростопанство на Македонија не се продаде. Каде се тие пари. Каде завршија тие пари. Се продадоа сега. Тие пари се чуваат четири години некој да ги земе сега. И кажувате за транспарентност. Цел процес е транспарентен се до моментот кога треба да биде транспарентен и кога ќе имаме договор. И тогаш ништо не е транспарентно. Тогаш ни Антикорупциската комисија не може да го види законот, а вие говорите за транспарентност и излегувате со податоци во кои што ми кажувате дека надградба на трафостаница ќе чини 18,6 милиони евра. 12,5 милиони чинеше Трафостаницата Скопје -5. Вие сега за надградба ми говорите 18,6 милиони евра. Кој ви ги дава тие податоци? Или проверете нешто, кажете што и како е, или ако не знаете немојте да говорите.

Од друга страна, тоа што ви говорам за мракот, господине министре во 2002 година вие кажувавте дека најголемата пљачка што ја направи Електростопанство на Македонија и перење на пари, е увозот на електрична енергија за 10 милиони евра. Господине министре, од вашиот буџет во моментот ќе се потрошат 140 милиони евра. Процентите ги знаете, не ќе можам да ги кажам, дали се 1400%. Повеќе увоз на електрична енергија. Тоа е светлината. Утре технички не ќе можеме да бидеме во можност да увеземе електрична енергија. Дали за тоа сте размислувале? Вие и не размислувате. Не можете да размислите. Треба да го знаете тоа за да размислите. Тоа што ви ги пренесуваат податоците, тоа е скрос погрешна ситуација. Жално е. Ние тука говориме во однос на она што е битно за Република Македонија. Не е расправата помеѓу мене и вас. Не е расправата дали се тоа пари од Буџетот или не знам од каде. Работата е што во оваа ситуација ако не се отвори ново производство, ако немаме нови рудници, ако не се отвори нова електрана, Македонија станува зависна. Македонија станува комплетно зависна. 140 милиони евра треба да дадеме ние за да увеземе електрична енергија и вие кажувате дека нема мрак. Што треба да има. 140 милиони годината. Дистрибуција ја продаваме за 220 милиони евра. Тоа значи за година и пол што ќе ја платиме струјата, толку е дистрибуција. Што после тоа? Дали сте размислувале за тоа? Многу едноставни се бројките. Математиката е многу проста. Значи не треба да бидеме многу големи математичари за да видиме што сме продале а што сме добиле и колку ќе дадеме оваа година. Тука е проблемот господине министре. Не се работи ни за Мавровски, ни за Поповски. Тоа што го говорите вие самите не верувате во него. Тоа е проблемот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине министре дали сакате точката да ја усвоиме или не сакате. Не можеме да се убедиме. Дајте додека сме тука, нема пријавени за збор, да го завршиме гласањето. Инаку во 18,00 часот прекинувам со работа и после не знам кога ќе продолжиме. Но, ако сакате повелете.

Имате реплика три минути.

**Никола Поповски:** Инаку, господине претседателе, како предлагач на законот не мора

да се изјаснувам, за што имам секогаш право на збор.

Имам реплика за господинот Мавровски.

Господине Мавровски, после моето излагање 100% ги сменивте причините за кои дискутирате. Сега веќе не дискутирате каде одат парите, сега веќе не дискутирате дали е потребна инвестиција во МЕПСО, сега веќе не дискутирате за што ќе се употребат. Сега одеднаш отворивте две нови теми, како реплика на мојата. Едната е колку било транспарентно приватизирањето на ЕСМ дистрибуција, се обидовте да кажете некои аргументи кои се во вода. Второ е колку увоз на струја имала Република Македонија. Од тоа можам да заклучам дека на тоа што ви соопштив, вие нема што да додадете, а верувајте, ако сега претседателот не ја тера расправата во насока во која ја тера, ќе ви кажам уште 100 аргументи за овие две за кои ќе произлезат некои поинакви видувања за целата работа.

Прво, увозот на струја со инвестициите на Електростопанство дистрибуција, од странскиот инвеститор, или пак во МЕПСО, ама баш никаква врска нема. Какви се тие компарации, увезуваме 140 милиони, а го продадовме 220 милиони. Што има тоа било каква врска увозот на струја од страна на корисниците. Тие плаќаат. Каква врска има? Никаква. Знаете зошто е увозот? Затоа што потрошувачката на електрична енергија во последните 3-4 години од 6,5 е зголемена на 9 милијарди квтч. А знаете зошто е зголемена? Таа не е река понорница зошто завршува во некои индустрии кои се реактивирани, кои работат и кои повлекуваат огромна количина на електрична енергија. Меѓутоа, тоа што вие не го знаете е дека повлекуваат 4 пати поголеми девизни приливи на државата од извоз. Секој киловат струја влезен во МИТАЛ или во МАКСТИЛ или влезен во некој друг капацитет, како БУЧИМ, со едно евро, продуцира извоз од неколку пати поголеми количини на евра. Како резултат на тоа девизните резерви се драстично зголемени. Меѓутоа вие тоа нема да сакате да го разберете и затоа репликата ја завршувам тука.

**Љупчо Јордановски:** Една минута контра реплика господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Господинот министер очигледно дека сака да реплицира со мене.

Пред нас има закон и мислите дека ќе им објасните на пратениците. Вие од рака вадите некои бројки тука, за кои говорев, не сакате сега да ги спомнете. Но, тоа е ваш проблем, не е мој проблем. И јас не знаев дека и шајки ќе произведувате и ќе ги вградувате во далекуводите, но, еве вие знаете повеќе од мене, јас не знам.

Тоа што ви го кажав, јас и сега и секогаш ќе кажам. Македонија треба да направи производни капацитети, господине министре. Дали утре МИТАЛ или ФЕНИ ќе побаруваат уште 30-40%, вие тоа не ќе можете да обезбедите тоа производство да дојде во Република Македонија. Тука е проблемот, а вие на тоа не гледате како Влада, како министер. Вие сега ми кажувате што има врска увозот со дистрибуција. Има, тоа е врската. Тие 140 милиони се со 220 милиони за годинаипол и тука ќе заврши приказната.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски, помина вашата минута.

Бидејќи нема пријавени за збор, ја заклучувам расправата и претресот по текстот на законот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата имаме 61 присутен пратеник.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, гласале 59, за гласале 55, нема воздржани, 4 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем, наменет за проектот за АД МЕПСО, кој ќе се склучи помеѓу АД МЕПСО - Пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост и Меѓународната банка за обнова и развој.

Процедурално за збор се јавува господинот Џелили.

**Зиди Џелили:** Б лагодарам господине претседателе.

Врз основа на Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, член 74, барам поддршка од 10 пратеници, точката 23 да се разгледува веднаш по оваа точка.

**Љупчо Јордановски:** Дали има поддршка од десет пратеници?

Има поддршка од десет пратеници.

Предлогот на господинот Џелили, точката 23 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за здравствено осигурување, со Предлог на закон, да се разгледува сега, по точката 17, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, 59 гласале, 56 за, нема воздржани, 3 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

**Минуваме на точка 23 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за здравствено осигурување, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со предлог на закон и извештајот на Комисијата за здравство и допосот на Законодавно-правната комисија, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за здравствено осигурување.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, 59 гласале, 59 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, 60 гласале, 59 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓо Лалчевска, имате збор.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

За оваа одредба, кога вршевме измени на Законот за здравствено осигурување, тогаш опозицијата силно укажуваше на погрешноста на одредбата. Кратко беше времето владеачкото мнозинство да се убеди дека ставовите на опозицијата беа исправни и сега самите да предложат решение, такво какво што ние претлагавме претходно.

Ако го прифативте тогаш амандманот што ние го поднесовме, немаше да бидат оштетени граѓаните и да се создаде сиот тој хаос во комисиите, со тоа што го намаливме на седум дена од матичниот лекар.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Лауренчиќ, три минути реплика.

**Ангелка Пеева - Лауренчиќ:** Госпоѓа Лалчевска, оваа власт и ова парламентарно мнозинство има доблест и да признае кога нешто ќе погреши без оглед од која страна доаѓа предлогот, дали е од парламентарното мнозинство, или од опозицијата. Тоа треба да го поздравите, а да се повикувате на негативните ефекти и на други елементи кои одат во негативен контекст. Значи да поздравите нешто што е прифатено, а било нудено од опозицијата.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓа Лалчевска, една минута.

**Ристана Лалчевска:** Мислам дека позитивното изјаснување на опозицијата по овој предлог за измени, токму е во тој правец, во поздравување на она што сте сватиле дека грешите, па помислете се за колку други закони сте погрешиле, во мандатот кој изминува.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, 60 гласале, 60 за, нема воздржани, нема против.

Инаку госпоѓа Лалчевска не се вика колку пати сме згрешиле, туку колку пати сме покажале доблест.

**Минуваме на точка 19 - Барање за давање автентично толкување на членовите 10 и 11 од Законот за трансформација на Јавното претпријатие "Македонски железници" - Ц.О. Скопје, поднесено од пратеникот Тито Петковски.**

Барањето и извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барање за давање автентично толкување на членовите 10 и 11 од Законот за трансформација на Јавното претпријатие "Македонски железници" - Ц.О. Скопје, поднесено од пратеникот Тито Петковски, не е оправдано и нема потреба од давање автентично толкување на овие членови, од причините содржани во извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до пратеникот Тито Петковски.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутни пратеници, 57 гласале, 56 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Сега секретарот ме потсетува, за да влезе во записник, морам да констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за здравствено осигурување.

Деловнички морам тоа да го констатирам и сега го констатирав, за да влезе во стенографските белешки.

Тука ја прекинувам седницата.

Утре во 11,00 часот продолжуваме со Сто и дваесеттата седница.

(Седницата прекина со работа во 17,57 часот).